# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Сабота, 31 декември 1994
Скопје
Број 70 Год. L

Претплатата за 1994 година изнесува 3.500 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**1610.**

**УКАЗ** Бр. 1
Од 27.12.1994 година

Врз основа на член 15 став 1 точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, број 8/92),

**СЕ ПОСТАВУВА ПО МИРНОВРЕМЕНА И ВОЕНА ФОРМАЦИЈА**

МАНАСИЈЕСКИ Јован ЈАНАЌИЈЕ, генерал-мајор на оклопно-механизирани единици
лична ВЕС 31440, роден на 27. јануари 1943 година
ЕМБГ: 2701943450078
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА Р. МАКЕДОНИЈА, во Генералштабот на Армијата на Р. Македонија,

| | |
|---|---|
| за Помошник на началникот на Генералштабот за Оперативно-наставни работи и б/г | ВЕС: 31140 |
| ФЧ: генерал-потполковник | БГ: 3 (трета) |
| По формација: генерал-потполковник | БГ: 3 (трета) |
| Гарнизон Скопје | |

До сега: Командант на 1. Армиски корпус во Генералштабот на Армијата на Р. Македонија во Министерството за одбрана
ФЧ: генерал-мајор, БГ–3, гарнизон Куманово.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-180
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1611.**

**УКАЗ** бр. 2
Од 27.12.1994 година

Врз основа на член 15 став 1 точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, број 8/92),

**СЕ ПОСТАВУВА ПО МИРНОВРЕМЕНА И ВОЕНА ФОРМАЦИЈА**

АНДРЕВСКИ Миле ЈОВАН, инжинериски полковник
лична ВЕС 31740, роден на 14. јануари 1942 година,
ЕМБГ: 1401942450042
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА Р. МАКЕДОНИЈА, во Генералштабот на Армијата на Р. Македонија, во 1. Армиски корпус.

| | |
|---|---|
| **за командант** | ВЕС: 31040 |
| ФЧ: генерал-мајор | БГ: 3 (трета) |
| По формација: генерал-мајор | БГ: 3 (трета) |
| Гарнизон Куманово | |

До сега: Командант на 3. Армиски корпус во Генералштабот на Армијата на Република Македонија во Министерството за одбрана, ФЧ генерал-мајор, БГ: 4, гарнизон Скопје.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-181
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1612.**

**УКАЗ** бр. 3
Од 27.12.1994 година

Врз основа на член 15 став 1 точка 16 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, број 8/92),

**СЕ ПОСТАВУВА ПО МИРНОВРЕМЕНА И ВОЕНА ФОРМАЦИЈА**

СТАМБОЛИСКИ Јован МЕТОДИ, артилериски полковник
лична ВЕС 31280, роден на 10. април 1947 година
ЕМБГ: 1004947780815
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА Р. МАКЕДОНИЈА, во Генералштабот на Армијата на Р. Македонија, во 3. Армиски корпус,

| | |
|---|---|
| **за командант** | ВЕС: 31040 |
| ФЧ: генерал-мајор | БГ: 4 (четврта) |
| По формација: генерал-мајор | БГ: 4 (четврта) |
| Гарнизон Скопје | |

До сега: Началник на оперативно одделение во управата за ОНР и б/г во Генералштабот на Армијата на Р. Македонија во Министерството за одбрана, ФЧ – полковник, БГ: 8, гарнизон Скопје.

Овој указ да се изврши веднаш.

Број 08-182
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

**1613.**

Врз основа на член 84, став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

**УКАЗ**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВОТО ШПАНИЈА**

Се поставува

I

Д-р Луан Старова, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Фран-

ција, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Шпанија, со седиште во Париз.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 18
26 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

**1614.**

Врз основа на член 84, став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

## УКАЗ
## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ГОЛЕМОТО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ

Се поставува

I

Јован Теговски, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Големото Војводство Луксембург, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 19
26 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

**1615.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И НАЧИН ЗА ИСПЛАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО 1993 И 1994 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3687/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА И НАЧИН ЗА ИСПЛАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО 1993 И 1994 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година („Службен весник на Република Македонија" број 31/93), во називот на Законот и во членовите 5,6,7 став 1, член 8 став 1 и член 10 став 1 зборовите: „1993 и 1994 година" се заменуваат со зборовите „1993, 1994 и 1995 година".

Член 2

Во членот 8, став 1, алинеја 7 сврзникот „и" се брише и се додава нова алинеја, која гласи:

„- плаќање на со закон пропишаните обврски, согласно со член 109 став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, за промена на интерните акции во обични акции".

Во ставот 3 бројот "4" се заменува со бројот „5", а зборовите: „5,6 и 7" се заменуваат со зборовите: „6,7 и 8".

Член 3

Во членот 10 став 1, алинеја 4 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**1616.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК ОД ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3685/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК ОД ДОХОД

Член 1

Во Законот за персоналниот данок од доход („Службен весник на Република Македонија" број 80/93 и 3/94) во членот 49 став 3 по бројот „3" се додаваат зборовите: „и 4".

Член 2

Во членот 103 стапката „2%" се заменува со стапка „0,5%".

Член 3

По членот 141 се додава нов член 141-а кој гласи:

„Член 141-а

Пресметаниот данок од доход на примањата по основа на пензии и инвалиднини се отстапува на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Пресметаниот данок од доход на примањата по основа на платата на вработените во претпријатијата или работилниците за професионална рехабилитација се отстапува на претпријатијата или работилниците за професионална рехабилитација на инвалиди за наменско користење во заштитата на инвалидните лица вработени кај нив".

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

---

**1617.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за царинската тарифа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3686/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Законот за царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ" број 27/78, 5/79, 29/83, 7/84, 71/84, 69/85, 43/86, 70/86, 81/87, 14/88, 34/89, 55/89, 59/90, 75/91, 96/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 11/94), по членот 7-ѓ се додаваат два нови члена 7-е и 7-ж кои гласат:

„Член 7-е

По исклучок од членот 1 на овој закон, во периодот од 1 јануари 1995 до 31 декември 1995 година, при увозот на стоки за широка потрошувачка се плаќа царина по царинските стапки утврдени во Царинската тарифа зголемена за 5 процентни поени, при што царинската стапка не може да биде повисока од 25%.

Член 7-ж

По исклучок од членовите 1 и 7-е на овој закон, во период од 01 јануари 1995 година до 30 јуни 1995 година, се укинуваат царинските стапки при увозот на производите од следните тарифни броеви и тарифни ознаки на Царинската тарифа:

| | | |
|---|---|---|
| 2709.00 | | Нафта и масла добиени од битуменизирани минерални сурови: |
| | 2709.001 | --- нафта |
| 2710.00 | | Масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозни минерали освен сурови; производи на друго место не спомнати или вклучени кои содржат по маса – 70% или повеќе масла од нафта или масла добиени од битуменозни минерали и ако претставуваат основни состојки на овие производи: |
| | 7010.001 | --- моторен бензин вклучувајќи и авио бензин |
| | 2710.0011 | ---- авио бензин |
| | 2710.0012 | ---- моторен бензин, безоловен |
| | 2710.0013 | ---- друг моторен бензин |
| | 2710.0014 | ---- бензин за преработка и намешување базни или примарни |
| | 2710.002 | --- гориво за млазни мотори од бензински тип |
| | | Керозин и други средни масла, освен гасни масла: |
| | 2710.004 | --- Керозин (вклучувајќи и гориво за млазни мотори од керозински тип); |
| | 2710.0041 | ---- Петролеј (керозин) за мотори |
| | 2710.0042 | ---- Горива за млазни мотори од петролејски, (керозински) тип |
| | | Гасни масла: |
| | 2710.006 | --- дизел горива |
| | 2710.007 | --- бродски и други горива |
| | 2710.008 | --- други масла |
| | | Гасни масла за горење на друго место не спомнати ниту опфатени: |
| | 2710.009 | --- ниско сулфурни за металургија |
| | 2710.010 | --- други |
| | | Масла за подмачкување и други тешки масла и производи врз база на тие масла: |
| | 2710.011 | – базни масла |
| | 2710.018 | --- трансформаторски и изолациони масла |
| 2711 | | Нафтени гасови и други гасови јаглеНоводороди: |
| | 2711.19 | – друго |
| | 2711.191 | --- мешаници на пропан и бутан |
| | | Кокс, битумен, други остатоци од нафта или масла од битуменозни минерали: |
| | 2713.1 | - нафтен кокс |
| | 2713.20 | - битумен од нафта |

Одредбата од став 1 на овој член се однесува само на увоз на количества утврдени со Енергетскиот биланс на Република Македонија за 1995 година, а врз основа на издадената потврда од Министерството за стопанство".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**1618.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАЌАЊЕ ПОСЕБНА ДАВАЧКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОПТОВАРУВАЊА НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за плаќање посебна давачка за порамнување на даночните оптоварувања на увезените стоки, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3694/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАЌАЊЕ ПОСЕБНА ДАВАЧКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОПТОВАРУВАЊА НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ

Член 1

Во Законот за плаќање посебна давачка за порамнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен весник на Република Македонија" број 34/92), членот 2 се менува и гласи:

„Член 2

На стоките што се увезуваат се плаќа посебна давачка во висина од 7,5 % од царинската основица".

Член 2

По членот 2 се додаваат шест нови члена 2-а, 2-б, 2-в, 2-г, 2-д и 2-ѓ, кои гласат:

„Член 2-а

По исклучок од член 2 на овој закон, посебна давачка на увезената стока се плаќа во висина од 5% од царинската основица при увозот на живи животни, месо, освен јагнешко, преработка од месо, вклучувајќи и конзервирано, риба, преработка од риба, вклучувајќи и конзервирана, путер и други маснотии и масла добиени од млеко и сирење, врз основа на потврда од Министерството за стопанство по претходно прибавено мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија.

Член 2-б

По исклучок од член 2 на овој закон, посебна давачка на увезената стока се плаќа во висина од 2% од царинската основица при увозот на:

1) готови лекови и потрошен материјал што не се произведува во земјата и што се увезуваат врз основа на одобрение од Министерството за здравство и на увозот на ветеринарски лекови и потрошен материјал што не се произведува во Република Македонија и што се увезуваат врз основа на одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

2) суровини и репродукционен материјал што не се произведуваат во Република Македонија и што служат за производство на фармацевтски суровини, лекови и рентген филмови, врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

3) руди на железо, цинк, никел, хром и манган и нивни концентрати, врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

4) семенски материјал врз основа на потврда од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

5) сточна храна и компоненти за производство на сточна храна и рибно брашно, врз основа на потврда од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

6) суровини и репродукциони материјали за производство на детергенти кои не се произведуваат во Република Македонија, врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

7) вештачки ѓубрива и суровини и репродукциони материјали за производство за вештачки ѓубрива кои не се произведуваат во Република Македонија врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

8) средствата за заштита на растенијата и суровини и репродукциони материјали што служат за производство на средства за заштита на растенија и не се произведуваат во Република Македонија врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, по претходно прибавено мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

9) амбалажа за млеко и сокови и суровини и репроматеријали што служат за производство на амбалажа за млеко и сокови што не се произведуваат во Република Македонија врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

10) опрема што не се произведува во Република Македонија, вклучувајќи и увоз на товарни, полутоварни моторни возила и приклучни возила, врз основа на потврда од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија.

11) производи од следни тарифни броеви и тарифни ознаки:

| | | |
|---|---|---|
| 10.01 | | Пченица и наполица |
| 10.05 | | Пченка: |
| 1101.00 | | Брашно од пченица или наполица: |
| 17.01 | | Шеќер од шеќерна трска и шеќерна репка и хемиски чиста сахароза, во цврста состојба: |
| | 1701.1 | - Суров шеќер од шеќерна трска без додатни средства за ароматизација и материи за боjосување: |

| | | |
|---|---|---|
| | 1701.11 | - Шеќер од шеќерна трска |
| | 1701.12 | - шеќер од шеќерна репа |
| | 1701.9 | - друго: |
| | 1701.991 | --- шеќер од шеќерна трска рафиниран |
| | 1701.992 | --- шеќер од шеќерна репка, рафиниран |
| 29.03 | | Хологени деривати на јаглено – водороди |
| | 2903.2 | - Хлорирани деривати, на незаситени ациклични јаглено – водороди |
| | 29.03.21 | -- винилхлорид (хлоретилен) |
| 29.05 | | Ациклични алкохоли и нивни халогени сулфонитро и нитрозо деривати: |
| | 2905.31 | --- етиленгликол (етандиол) |
| 29.15 | | Заситени ациклични монокарбонски киселини и нивни анхидриди, халогениди, пероксиди и перкиселини нивни халогени – сулфо, нитро и нитрозо деривати: |
| | 2915.3 | - Естри на оцетна киселина: |
| | 2915.32 | – винилацетат |
| 29.17 | | Поликарбонски киселини, нивни анхидриди, халогениди, пероксиди и перкиселини; нивни халогени, сулфо, нитро и нитрозо – деривати: |
| | 2917.3 | - ароматични, поликарбонски киселини, нивни анхидриди, халогениди, пероксиди, перкиселини и нивни деривати: |
| | 2917.37 | – диметилтерефталат |
| 29.26 | | Соединенија со нитрилна функција: |
| | 2926.10 | - Акрилонитрил |
| 29.29 | | Соединенија со други азотни функции: |
| | 2929.10 | - изоцијанати: |
| 32.01 | | Екстракти за штавење, од растително потекло, танини и нивни соли, етри, естри и други деривати: |
| 32.02 | | Синтетички органски материи за штавење, неоргански материи за штавење; препарати за штавење без оглед на тоа дали содржат природни материи за штавење; енцимски препарати за прештавење; |
| | 3203.00 | Материи за бојосување од растително или животинско потекло (вклучувајќи ги екстрактите за бојосување, но исклучувајќи го животинското црнило), хемиски определени или неопределени; препарати врз основа на материи за бојосување од растително или животинско потекло наведени во забелешката 3 кон оваа глава |
| 38.09 | | Средства за доработка, носачи на бои, средства за забрзување на бојосувањето и за фиксирање на материи за бојасување и други производи (на пример: средства за апаретура и нагризување) што се употребуваат во индустријата на текстил, хартија и кожа и во слични индустрии, на друго место неспомнати ниту опфатени |
| 38.11 | | Препарати против детонација, препарати за спречување на оксидација, за спречување на таложење на смола, подобрувачи на високозитет, препарати за спречување на корозија и други подготвени адитиви за минерални масла (вклучувајќи бензин) или други течности што се употребуваат за исти цели како минералните масла: |
| | 3811.1 | - препарати против детонација |
| | 3811.11 | – врз основа на соединенија на олово |
| | 3811.2 | - адитиви за масла за подмачкување |
| | 3811.211 | --- препарати за подобрување на вискозитетот |
| | 3811.90 | - друго |
| 38.23 | | Подготвени врзивни средства за леарски калапи или леарски јадра, хемиски производи и препарати на хемиската индустрија и на сродни индустрии вклучувајќи ги и оние што се состојат од мешаници од природни производи, на друго место неспомнати или опфатени остаточни производи на хемиската индустрија или на сродни индустрии, на друго место неспомнати или неопфатени: |
| | 3823.90 | - Друго |
| | 3823.909 | --- друго |
| 39.01 | | полимери на етилен во примарни форми |
| | 3901.10 | - Полиетилен со специфична густина помала од 0,94 |
| | 3901.20 | - Полиетилен со специфична густина од 0,94 или поголема |
| 39.02 | | Полимери на пропилен или на други олефини, во примарни форми: |
| | 3902.10 | - Полипропилен |
| 39.03 | | Полимери на стирол, во примарни форми; |
| 39.07 | | Полиацетали, други плитери и епоксидни смоли, во примарни форми; поликарбонати, алкидни смоли; полиалилестри и други полиетри, во примарни форми |
| | 3907.20 | - Други полиетри: |
| | 3907.201 | --- полиетри за меки полиуретански пени: |
| | 3907.2011 | ---- чисти |
| | 3907.2012 | ---- подготвени |
| | 3907.2019 | ---- други |
| | 3907.202 | --- полиетри за полутврди полиуретански пени: |
| | 3907.2021 | ---- чисти |
| | 3907.2022 | ---- подготвени |
| | 3907.2029 | ---- друго |
| | 3907.203 | --- полиетри за тврди полиуретански пени: |
| | 3907.2031 | ---- чисти |
| | 3907.2032 | ---- подготвени |
| | 3907.2039 | ---- други |
| | 3907.209 | --- други |

| | | |
|---|---|---|
| 39.08 | | Полиамиди во примарни форми: |
| 40.11 | | Нови надворешни пнеуматски гуми (вклучувајќи и тјубилес гуми) |
| | 4011.20 | - За автобуси или камиони, вклучувајќи дампери – кипери: |
| | 4011.201 | --- за дампери: |
| | 4011.2011 | ---- димензија над 24, |
| 41.01 | | Сурови крупни и ситни кожи, говедски кожи од копитари (свежи или солени, сушени, лужени, пиклувани или поинаку конзервирани, но нештавени, ниту пергаментно обработувани ниту натаму обработувани)со влакна или без влакна, цепени или нецепени: |
| 41.02 | | Сурови кожи овчи и јагнешки (свежи или солени, сушени, лужени, пиклувани или поинаку конзервирани но нештавени, пергаментно или транспарентно необработени ниту поинаку натаму обработувани), со влакна или без влакна, цепени или нецепени, освен исклучените со забелешката 1 под 3), кон оваа глава: |
| 41.03 | | Други крупни и ситни сурови кожи (свежи или посолени, сушени, лужени, пиклувани или поинаку конзервирани, но нештавени ниту пергаментно или транспарентно обработени, ниту поинаку обработувани), со влакна или без влакна, цепени или нецепени, освен исклучените со забелешката 1 и под 2) и 3) кон оваа глава: |
| 4701.00 | | Механичка дрвна целулоза (дрвесина) |
| 47.02 | | Хемиска дрвна целулоза, растворлива: |
| 47.03 | | Хемиска дрвна целулоза, каустична или сулфатна, освен нерастворлива; |
| 47.04 | | Хемиска дрвна целулоза, сулфатна, освен растворлива: |
| 4705.00 | | Полухемиска целулоза, дрвна |
| 47.06 | | Целулоза од други, влакнести целулозни материјали: |
| 48.04 | | Крафт – хартија и картон не премачкани во ролни или листови, освен оние од тарифен број 48.02 и 48.03: |
| | 4804.1 | - Крафтлајнер: |
| | 4804.11 | -- небелен |
| | 4804.2 | - Крафт-хартија за вреќи: |
| | 4804.21 | -- небелена |
| 51.01 | | Волна, невлачена и нечешлана: |
| 51.02 | | Фини или груби животински влакна, невлачени и нечешлани: |
| 51.03 | | Отпадоци од волна и од фини или груби животински влакна, вклучувајќи отпадоци од предиво, но исклучувајќи скубени текстилни материјали: |
| 5201.00 | | Памук, невлачен и нечешлан: |
| 52.02 | | Отпадоци од памук (вклучувајќи отпадоци од предиво и од скубени текстилни материјали): |
| 72.04 | | Отпадоци и остатоци од железо или челик, отпадни инготи, слабови и друго од железо или челик за претопување; |
| 72.07 | | Полупроизводи од железо или нелегиран челик |
| | 7207.1 | - Со содржина помала од 0,25% по маса јаглерод: |
| | 7207.11 | -- Со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек со широчина помала од двојната дебелина; |
| | 7207.12 | -- друг, со правоаголен (освен квадратен) напречен пресек; |
| 72.08 | | Топловалани плоснати производи, од железо или нелегиран челик, со широчина 600 мм или поголема, неплатирани и непревлечени: |
| | 7208.1 | - Во макари, само топловалани, со дебелина помала од 3 мм и минимална граница на развлекување од 275 MPa или со дебелина 3 мм и поголема и минимална граница на развлекување од 355 MPa: |
| | 7208.12 | -- со дебелина од 4,75 до 10 мм: |
| | 7208.121 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.13 | -- со дебелина од 3 мм и поголема, но помала од 4,75 мм: |
| | 7208.131 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.14 | -- со дебелина помала од 3 мм: |
| | 7208.141 | --- за валање и производство на цевки: |
| | 7208.2 | - други, во макари, само топловалани: |
| | 7208.22 | -- со дебелина од 4,75 до 10 мм: |
| | 7208.221 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.23 | -- со дебелина од 3 мм и поголема, но помала од 4,75 мм: |
| | 7208.231 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.24 | -- со дебелина помала од 3 мм: |
| | 7208.241 | --- за валање и производство на цевки |
| 72.10 | | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик со широчина 600 мм или поголеми платинирани или превлечени: |
| | 7210.129 | --- други |
| 72.11 | | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик со широчина помала од 600 мм, неплатирани и непревлечени: |
| | 7211.1 | - Само топловалани, со дебелина помала од 3 мм и минимална граница на развлекување од 275 MPa или со дебелина од 3 мм и поголема и минималната граница на развлекување од 355 MPa: |

| | | |
|---|---|---|
| | 7211.12 | – други, со дебелина од 4,75 мм и поголема |
| | 7211.1211 | --- за ладно валање и производство на цевки |
| | 7211.19 | – други: |
| | 7211.191 | --- со широчина над 500 мм, но помала од 600 мм |
| | 7211.1913 | ---- за ладно валање и за производство на цевки |
| | 7211.2 | - други, само топловалани: |
| | 7211.22 | -- други, со дебелина од 4,75 мм и повеќе |
| | 7211.2211 | ---- за ладно валање и производство на цевки |
| | 7211.29 | -- други |
| | 7211.293 | --- за ладно валање и производство на цевки |
| 72.12 | | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со широчина помала од 600 мм платинирани или превлечени; |
| | 7212.10 | Превлечени со калај |
| 76.01 | | Алуминиум, суров: |
| | 7601.10 | - Алуминиум, нелегиран |
| 85.29 | | Делови погодни за употреба исклучително или главно за апарати од тарифниот број 84.25 до 85.28: |
| | 8529.90 | - Друго |
| 85.41 | | Диоди, транзистори и слични полуспроводнички елементи, фотоосетливи и полуспроводнички елементи, вклучувајќи и фотонапонски, келии, составени или несоставени во модули или плочи; диоди за емитување светлост; монтирани пиезоелектрични кристали: |
| 85.42 | | Електронски интегрирани кола и микросклопови: |
| 85.45 | | Јаглени електроди, јаглени четкички, јаглен за сијалици, јаглен за батерии и други производи од графит, или друг јаглен, со или без метали за електрични цели: |
| | 8545.1 | - Електроди; |
| | 8545.11 | -- за печки; |
| | 8545.111 | --- со пречник поголем од 600 мм |
| | 8545.119 | --- други |

Член 2-в

По исклучок од член 2 на овој закон посебна давачка на увезени стоки не се плаќа на:

1) увозот на стоки на кои според меѓународни договори не се плаќа царина;

2) увозот на стоки кои по основа на хуманитарна помош се примаат бесплатно;

3) суровини и репродукционен материјал што не се произведуваат во Република Македонија и што служат за производство на дијализатори, врз основа на потврда од Министерството за здравство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија.

4) увозот на опрема и репроматеријали кои не се произведуваат во Република Македонија, а се наменети за изградба на железничката пруга Куманово – граница со Република Бугарија, врз основа на потврда издадена од Министерството за стопанство дека не се произведува во Република Македонија и мислење издадено од Министерството за сообраќај и врски а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија дека опремата и репроматеријалите се наменети за железничката пруга.

5) Увозот на суровини што се увезуваат во согласност со Енергетскиот биланс на Република Македонија врз основа на потврда од Министерството за стопанство а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија од следниве тарифни броеви и тарифни ознаки:

| | | |
|---|---|---|
| 27.01 | | Камен јаглен, вклучувајќи и брикети со разни форми од камен јаглен: |
| | 2701.1 | - Кемен јаглен, вклучувајќи го и оној во прав неагломериран; |
| | 2701.11 | -- антрацит |
| | 2701.20 | - Брикети со разни форми од камен јаглен |
| 27.02 | | Мрк јаглен и лигнит агломериран или неагломериран освен гагат: |
| | 2702.10 | - Мрк јаглен и лигнит, вклучувајќи и во прав неагломериран |
| | 2702.20 | - Агромериран мрк јаглен и лигнит |
| 2703.00 | | Тресет (вклучувајќи тресетна слама) неагломериран или агломериран |
| 2704.00 | | Кокс и полукокс од камен јаглен, мрк јаглен, лигнит или тресет, неагломериран или агломериран; ретортен јаглен |
| | 2704.001 | --- кокс металуршки (со гранулација до 80 мм) |
| | 2704.002 | --- кокс леарски (со гранулација преку 80 мм) |
| | 2704.003 | --- кокс од гасарници |
| | 2704.004 | --- за производство на електроди |
| 2706.00 | | Катран добиен со дестилација на камен јаглен, мрк јаглен и лигнит, тресет и други минерални катрани, дехидратирани или недехидратирани или делумно дестилирани или не, вклучувајќи реконструирани катрани: |
| 2709.00 | | Нафта и масла добиени од битуменозни минерални суровини: |
| | 2709.001 | --- нафта |
| | 27.10.00 | Масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозни минерали освен сурови: производи на друго место не спомнати или вклучени кои содржат по маса 70% или повеќе масла од нафта или масла добиени од битуменозни минерали и ако претставуваат основни состојки на овие производи |
| | 2710.0001 | --- моторен бензин вклучувајќи и авио – бензин: |
| | 2710.0011 | --- авио – бензин |
| | 2710.0012 | --- моторен бензин безоловен |
| | 2710.0013 | ---- друг моторен бензин |
| | 2710.0014 | --- бензин за преработка и намешување (базни или примарни) |
| | 2710.002 | --- гориво за млазни мотори од бензински тип Керозин и други средни масла, освен гасни масла: |
| | 2710.004 | --- керозин (вклучувајќи го- |

| | | |
|---|---|---|
| | | риво за млазни мотори од керозински тип); |
| | 2710.0041 | --- петролеј (керозин) за мотори |
| | 2710.0042 | --- горива за млазни мотори од петролејски (керозински тип) |
| | | Гасни масла: |
| | 2710.006 | --- дизел горива |
| | 2710.007 | --- бродски и други горива |
| | 2710.008 | --- други масла |
| | | Гасни масла за горење на други места не спомнати ниту опфатени: |
| | 2710.009 | --- ниско сулфурни за металургија |
| | 2710.010 | --- други |
| | | Масла за подмачкување и други тешки масла и производи врз основа на тие масла: |
| | 2710.011 | --- базни масла |
| | 2710.018 | --- трансформаторски и изолациони масла |
| 27.11 | | Нафтени гасови и други гасовити јагленоводороди: |
| | 2711.19 | --- друго: |
| | 2711.191 | --- мешаници на пропан и бутан |
| 27.13 | | Кокс, битумен, други остатоци од нафта или од масла од битуменозни минерали; |
| | 2713.1 | - нафтен кокс |
| | 2713.20 | - битумен од нафта |
| 27.16 | | Електрична енергија; |

6) закупот на авиони;

7) увозот на суровини, репродукционен материјал погонско гориво и друг потрошен материјал под услови утврдени во член 53 од Законот за царините;

8) увозот на сол, врз основа на потврда од Министерството за стопанство;

9) увозот на производи од следниве тарифни броеви и тарифни ознаки:

| | | |
|---|---|---|
| 04.01 | | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување |
| 1201.00 | | Соја од зрно вклучувајќи и кршена или дробена |
| 1205.00 | | Семе од маслодајна репка, вклучувајќи кршено или дробено |
| 1206.00 | | Семе од сончоглед, вклучувајќи кршено или дробено |
| 15.12 | | Масло од семе на сончоглед, шафраника и памуково семе и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани: |
| | 1512.11 | --- Сурово масло |
| | 1512.19 | --- Друго; |

10) увозот на нови патнички автомобили и други моторни возила од следниот тарифен број и тарифни ознаки.

| | |
|---|---|
| 87.03 | Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тарифен број 87.02), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван“, комби итн) и автомобили за трки: |
| 8703.2 | – Други возила со клипни мотори и со палење со помош на свеќички, освен со ротациони клипни мотор: |
| 8703.21 | -- со зафатнина на цилиндрите до 1000 $cm^3$ |
| 8703.211 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.214 | --- санитетски возила |
| 8703.215 | --- теренски возила, составени |
| 8703.219 | --- други |
| 8703.22 | -- со зафатнина на цилиндрите над 1000 до 1500 $cm^3$ |
| 8703.221 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.224 | --- санитетски возила |
| 8703.225 | --- теренски возила, составени |
| 8703.229 | --- други |
| 8703.23 | --- со зафатнина на цилиндрите над 1500 до 3000 $cm^3$ |
| 8703.231 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.2311 | ---- над 1500 до 2000 $cm^3$ |
| 8703.2312 | ---- над 2000 до 3000 $cm^3$ |
| 8703.234 | --- санитетски возила |
| 8703.235 | --- теренски возила, составени |
| 8703.239 | --- други |
| 8703.24 | -- со зафатнина на цилиндрите над 300 $cm^3$ |
| 8703.241 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.244 | --- санитетски возила |
| 8703.245 | --- теренски возила, составени |
| 8703.249 | --- други |
| 8703.3 | - други возила со клипен мотор со внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел или полудизел) |
| 8703.31 | -- со зафатнина на цилиндрите до 1500 $cm^3$ |
| 8703.311 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.314 | --- санитетски возила |
| 8703.319 | --- други |
| 8703.32 | -- со зафатнина на цилиндрите над 1500 до 2500 $cm^3$ |
| 8703.321 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.324 | --- санитетески возила |
| 8703.325 | --- теренски возила |
| 8703.325 | --- теренски возила, составени |
| 8703.329 | --- други |
| 8703.33 | -- со зафатнина на цилиндрите над 2500 $cm^3$ |
| 8703.331 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.334 | --- санитетски возила |
| 8703.335 | --- теренски возила, составени |
| 8703.339 | --- други |
| 8703.90 | - други |
| 8703.901 | --- патнички автомобили, составени |
| 8703.904 | --- санитетски возила |
| 8703.909 | --- други; |

11) резервни делови, сетови или комплети на резервни делови за една постројка, со вредност до најмалку 500 американски долари изразено во денарска противвредност по парче, односно сет или комплет, што се во функција на производството и не се произве-

дува во Република Македонија, врз основа на потврда од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

12) увозот на машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици од следниво тарифен број и тарифна ознака:

| | |
|---|---|
| 84.71 | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи; Машини за препишување на податоци на носители на податоци во родирана форма и машини за обработка на такви податоци, несомнати или неопфатени на друго место: |
| 8471.9 | - Друго: |
| 8471.91 | -- Дигателни централни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи и дигитални централни единици кои во исто кукиште имаат една или две од следниве видови единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: |
| 8471.911 | --- со процесор со помалку од 32 бита |
| 8471.912 | --- со процесор со 32 и повеќе бита |
| 8741.92 | -- Влезни и излезни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи влезни и излезни единици што во исто кукиште имаат и мемориски единици: |
| 8471.923 | --- ласерски печатачи, единици за цртање (плотери), за снимање на филм или за фотокопирање |
| 8471.924 | --- видео – дисплеи, еднобојни |
| 8471.925 | --- видео – дисплеи, повеќебојни и врз основа на течни кристали |
| 8471.926 | --- комплетни електронски тастатури |
| 8471.9261 | ---- со подвижни типки |
| 8471.9269 | ---- други |
| 8471.927 | --- читачи на документи, ознаки и уреди за внесување на податоци од цртежи |
| 8471.929 | --- други |
| 8471.93 | -- мемориски единици, испорачани посебно или како дел на систем: |
| 8471.931 | --- екстерни мемории |
| 8471.939 | --- други |
| 8471.99 | -- друго |
| 8471.991 | --- додатни единици за поврзување на сметачи и периферни уреди |
| 84711.992 | --- контролни уреди и адаптери |
| 8471.999 | --- друго; |

Член 2-г

Одредбите од членовите 2-а до 2-в се однесуваат единствено на корисниците на Република Македонија и за снабдувањето на пазарот во Република Македонија.

Царинската управа води евиденција за увозот на стоки во согласност со овој закон и тоа за вредноста на увезените стоки, за износот на наплатената давачка на увезените стоки и за износот што би се платил да не се користени повластици. Царинската управа доставува до Владата на Република Македонија, преку Министерството за финансии, тримесечен извештај за податоци од евиденцијата.

Член 2-д

Земјите во кои е пропишано ослободување од обврска за плаќање посебна давачка за стоките увезени од Република Македонија, се ослободуваат од плаќање посебна давачка за стоките што се по потекло од тие земји, по основа на реципроцитет.

Член 2-ѓ

На стоките што се увезуваат од земјите во кои е воведена обврска за плаќање на посебна давачка за стоките увезени од Република Македонија, се воведува обврска за плаќање посебна давачка, односно за стоките за кои е променета висината на посебната давачка во таа земја, се плаќа посебна давачка во висина што ја вовела таа земја, по основа на реципроцитет.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

---

**1619.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНА ТАКСА НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебна такса на увезените стоки, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3690/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНА ТАКСА НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ

Член 1

Во Законот за посебна такса на увезените стоки „Службен весник на Република Македонија" број 34/92), членот 2 се менува и гласи:

„Член 2

На стоките што се увезуваат се плаќа посебна такса во висина од 7,5 % од царинската основица."

Член 2

По членот 2 се додаваат шест нови члена 2-а, 2-б, 2-в, 2-г, 2-д и 2-ѓ, кои гласат:

„Член 2-а

По исклучок од член 2 на овој закон, посебна такса на увезената стока се плаќа во висина од 5% од царинската основица при увозот на живи животни,

месо, освен јагнешко, преработка од месо, вклучувајќи и конзервирано, риба, преработка од риба, вклучувајќи и конзервирана, путер и други маснотии и масла добиени од млеко и сирење, врз основа на потврда од Министерството за стопанство по претходно прибавено мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија.

Член 2-б

По исклучок од член 2 на овој закон, посебна такса на увезената стока се плаќа во висина од 2% од царинската основица при увоз на:

1) готови лекови и потрошен материјал што не се произведува во земјата и што се увезуваат врз основа на одобрение од Министерството за здравство и на увозот на ветеринарски лекови и потрошен материјал што не се произведува во Република Македонија и што се увезуваат врз основа на одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

2) суровини и репродукционен материјал што не се произведуваат во Република Македонија и што служат за производство на фармацевтски суровини, делови и рентген филмови, врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

3) руди на железо, цинк, никел, хром и манган и нивни концентрати, врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

4) семенски материјал врз основа на потврда од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

5) сточна храна и компоненти за производство на сточна храна и рибно брашно, врз основа на потврда од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

6) суровини и репродукциони материјали за производство на детергенти кои не се произведуваат во Република Македонија, врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

7) вештачки ѓубрива и суровини и репродукциони материјали за производство за вештачки ѓубрива кои не се произведуваат во Република Македонија врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

8) средствата за заштита на растенијата и суровини и репродукциони материјали што служат за производство на средства за заштита на растенија и не се произведуваат во Република Македонија врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, по претходно прибавено мислење од Министерството за земјдоелство, шумарство и водостопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

9) амбалажа за млеко и сокови и суровини и репроматеријали што служат за производство на амбалажа за млеко и сокови што не се произведуваат во Република Македонија врз основа на одобрение од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија;

10) опрема што не се произведува во Република Македонија, вклучувајќи и увоз на товарни, полутоварни моторни возила и приклучни возила, врз основа на потврда од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија и

11) производи од следни тарифни броеви и тарифни ознаки:

| | | |
|---|---|---|
| 10.01 | | Пченица и наполица |
| 10.05 | | Пченка: |
| 1101.00 | | Брашно од пченица или наполица: |
| 17.01 | | Шеќер од шеќерна трска и шеќерна репка и хемиски чиста сахароза, во цврста состојба: |
| | 1701.1 | - Суров шеќер од шеќерна трска без додатни средства за ароматизација и материи за бојосување: |
| | 1701.11 | - Шеќер од шеќерна трска |
| | 1701.12 | - Шеќер од шеќерна репка |
| | 1701.9 | - друго: |
| | 1701.991 | -- Шеќер од шеќерна трска рафиниран |
| | 1701.992 | -- Шеќер од шеќерна репка, рафиниран |
| 29.03 | | Хологени деривати на јаглено – водороди |
| | 2903.2 | - Хлорирани деривати, на незаситени ациклични јаглено – водороди |
| | 29.03.21 | – винилхлорид (хлоретилен) |
| 29.05 | | Ациклични алкохоли и нивни халогени сулфонитро и нитрозо деривати: |
| | 2905.31 | — етиленгликол (етандиол) |
| 29.15 | | Заситени ациклични монокарбонски киселини и нивни анхидриди, халогениди, пероксиди и перкиселини нивни халогени – сулфо, нитро и нитрозо деривати: |
| | 2915.3 | - Естри на оцетна киселина: |
| | 2915.32 | – винилацетат |
| 29.17 | | Поликарбонски киселини, нивни анхидриди, халогениди, пероксиди и перкиселини; нивни халогени, сулфо, нитро и нитрозо – деривати: |
| | 2917.3 | - ароматични, поликарбонски киселини, нивни анхидриди, халогениди, пероксиди, перкиселини и нивни деривати: |
| | 2917.37 | – диметилтерефталат |
| 29.26 | | Соединенија со нитрилна функција: |
| | 2926.10 | - Акрилонитрил |
| 29.29 | | Соединенија со други азотни функции: |
| | 2929.10 | - изоцијанати: |
| 32.01 | | Екстракти за штавење, од растително потекло, танини и нивни соли, етри, естри и други деривати: |
| 32.02 | | Синтетички органски материи за штавење, неоргански материи за штавење; препарати за штавење без оглед на тоа дали содржат природни материи за штавење; енцимски препарати за прештавење; |
| | 3203.00 | Материи за бојосување од растително или животинско потекло (вклучувајќи ги екстрактите за бојосување, но исклучувајќи го животинското црнило), хемиски определени |

| | | |
|---|---|---|
| | | или неопределени; препарати врз основа на материи за бојосување од растително или животинско потекло наведени во забелешката 3 кон оваа глава |
| 38.09 | | Средства за доработка, носачи на бои, средства за забрзување на бојосувањето и за фиксирање на материи за бојасувањето и други производи (на пример: средства за апаратура и нагризување) што се употребуваат во индустријата на текстил, хартија и кожа и во слични индустрии, на друго место неспомнати ниту опфатени |
| 38.11 | | Препарати против детонација, препарати за спречување на оксидација, за спречување на таложење на смола, подобрувачи на вискозитет, препарати за спречување на корозија и други подготвени адитиви за минерални масла (вклучувајќи бензин) или други течности што се употребуваат за исти цели како минеталните масла: |
| | 3811.1 | - препарати против детонација |
| | 3811.11 | – врз база на соединенија на олово |
| | 3811.2 | - адитиви за масла за подмачкување |
| | 3811.21 | - што содржат масла од нафта или масла од битуменозни минерали |
| | 3811.211 | — препарати за подобрување на вискозитетот |
| | 3811.90 | - друго |
| 38.23 | | Подготвени врзивни средства за леарски калапи или леарски јадра, хемиски производи и препарати на хемиската индустрија и на сродни индустрии вклучувајќи ги и оние што се состојат од мешаници на природни производи, на друго место неспомнати или опфатени остаточни производи на хемиската индустрија или на сродни индустрии, на друго место неспомнати или неопфатени: |
| | 3823.90 | - Друго |
| | 3823.909 | --- друго |
| 39.01 | | Полимери на етилен во примарни форми |
| | 3901.10 | - Полиетилен со специфична густина помала од 0,94 |
| | 3901.20 | - Полиетилен со специфична густина од 0,94 или поголема |
| 39.02 | | Полимери на пропилен или на други олефини, во примарни форми: |
| | 3902.10 | - Полипропилен |
| 39.03 | | Полимери на стирол, во примарни форми: |
| 39.07 | | Полиацетали, други политери и епоксидни смоли, во примарни форми; поликарбонати, алкидни смоли; полиалилестри и други полиестри, во примарни форми |
| | 3907.20 | - Други полиетри: |
| | 3907.201 | --- полиетри за меки полиуретански пени: |
| | 3907.2011 | ---- чисти |
| | 3907.2012 | ---- подготвени |
| | 3907.2019 | ---- други |
| | 3907.202 | --- полиетри за полутврди полиуретански пени: |
| | 3907.2021 | ---- чисти |
| | 3907.2022 | ---- подготвени |
| | 3907.2029 | ---- друго |
| | 3907.203 | ---- полиетри за тврди полиуретански пени: |
| | 3907.2031 | ---- чисти |
| | 3907.2032 | ---- подготвени |
| | 3907.2039 | ---- други |
| | 3907.209 | --- други |
| 39.08 | | Полиамиди во примарни форми: |
| 40.11 | | Нови надворешни пневматски гуми (вклучувајќи и тјубилес гуми) |
| | 4011.20 | - За автобуси или камиони, вклучувајќи дампери – кипери: |
| | 4011.201 | --- за дампери: |
| | 4011.2011 | ---- димензија над 24, |
| 41.01 | | Сурови крупни и ситни кожи, говедски кожи од копитари (свежи или солени, сушени, лужени, пиклувани или поинаку конзервирани, но нештавени, ниту пергаментно обработени ниту натаму обработени) со влакна или без влакна, цепени или нецепени: |
| 41.02 | | Сурови кожи овчи и јагнешки (свежи или солени, сушени, лужени, пиклувани или поинаку конзервирани но нештавени, пергаментно или транспарентно необработени ниту поинаку натаму обработувани), со влакна или без влакна, цепени или нецепени, освен исклучените со забелешката 1 под 3), кон оваа глава: |
| 41.03 | | Други крупни и ситни сурови кожи (свежи или посолени, сушени, лужени, пиклувани или поинаку конзервирани, но нештавени ниту пеграментно или транспарентно обработени ниту поинаку обработени), со влакна или без влакна, цепени или нецепени, освен исклучените со забелешката 1 и под 2) и 3) кон оваа глава: |
| 4701.00 | | Механичка дрвна целулоза (дрвесина) |
| 47.02 | | Хемиска дрвна целулоза, растворлива: |
| 47.03 | | Хемиска дрвна целулоза, каустична или сулфатна, освен нерастворлива; |
| 47.04 | | Хемиска дрвна целулоза, сулфатна, освен растворлива: |
| 4705.00 | | Полухемиска целулоза, дрвна |
| 47.06 | | Целулоза од други, влакнести целулозни материјали: |
| 48.04 | | Крафт – хартија и картон не премачкани во ролни или листови, освен оние од тарифен број 48.02 и 48.03: |

| | | |
|---|---|---|
| | 4804.1 | - Крафтлајнер: |
| | 4804.11 | – небелен |
| | 4804.2 | – Крафт – хартија за вреќи: |
| | 4804.21 | – небелена |
| 51.01 | | Волна, невлачена и нечешлана: |
| 51.02 | | Фини или груби животински влакна, невлачени и нечешлани: |
| 51.03 | | Отпадоци од волна и од фини или груби животински влакна, вклучувајќи отпадоци од предиво, но исклучувајќи скубени текстилни материјали: |
| 5201.00 | | Памук, невлачен и нечешлан: |
| 52.02 | | Отпадоци од памук (вклучувајќи отпадоци од предиво и од скубени текстилни материјали): |
| 72.04 | | Отпадоци и остатоци од железо или челик, отпадни инготи, слабови и друго од железо или челик за претопување: |
| 42.07 | | Полупроизводи од железо или нелегиран челик: |
| | 7207.1 | - Со содржина помала од 0,25 по маса јаглерод: |
| | 7207.11 | – Со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек со ширина помала од двојната дебелина: |
| | 7207.12 | – друг, со правоаголен (освен квадратен) напречен пресек; |
| 72.08 | | Топловалани плоснати производи, од железо или нелегиран челик, со широчина 600 мм или поголема, неплатирани и непревлечени: |
| | 7208.1 | - Во макари, само топловалани, со дебелина помала од 3 мм и минимална граница на развлекување од 275 MPa или со дебелина 3 мм и поголема и минимална граница на развлекување од 355 MPa: |
| | 7208.12 | – со дебелина од 4,75 до 10 мм: |
| | 7208.121 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.13 | – со дебелина од 3 мм и поголема, но помала од 4,75 мм: |
| | 7208.131 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.14 | – со дебелина помала од 3 мм: |
| | 7208.141 | --- за валање и производство на цевки: |
| | 7208.2 | - други, во макари, само топловалани: |
| | 7208.22 | – со дебелина од 4,75 до 10 мм: |
| | 7208.221 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.23 | – со дебелина од 3 мм и поголема, но помала од 4,75 мм: |
| | 7208.231 | --- за валање и производство на цевки |
| | 7208.24 | – со дебелина помала од 3 мм: |
| | 7208.241 | --- за валање и производство на цевки |
| 72.10 | | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик со широчина 600 мм или поголеми платинирани или превлечени: |
| | 7210.129 | --- други |
| 72.11 | | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик со широчина помала од 600 мм, неплатирани и непревлечени: |
| | 7211.1 | - Само топловалани, со дебелина помала од 3 мм и минимална граница на развлекување од 275 MPa или со дебелина од 3 мм и поголема и минималната граница на развлекување од 355 MPa: |
| | 7211.12 | – други, со дебелина од 4,75 мм и поголема |
| | 7211.1211 | --- за ладно валање и производство на цевки |
| | 7211.19 | – други: |
| | 7211.191 | --- со широчина над 500 мм, но помала од 600 мм |
| | 7211.1913 | ---- за ладно валање и за производство на цевки |
| | 7211.2 | - други, само топло валани: |
| | 7211.22 | – други, со дебелина од 4,75 мм и повеќе |
| | 7211.2211 | ---- за ладно валање и производство на цевки |
| | 7211.29 | – други: |
| | 7211.293 | --- за ладно валање и производство на цевки |
| 72.12 | | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, со широчина помала од 600 мм платинирани или превлечени; |
| | 7212.10 | Превлечени со калај |
| 76.01 | | Алуминиум, суров: |
| | 7601.10 | - Алуминиум, нелегиран |
| 85.29 | | Делови погодни за употреба исклучително или главно за апарати од тарифниот број 84.25 до 85.28: |
| | 8529.90 | - Друго |
| 85.41 | | Диоди, транзистори и слични полуспроводнички елементи, фотоосетливи и полуспроводнички елементи, вклучувајќи и фотонапонски келии, составени или несоставени во модули или плочи; диоди за емитување светлост; монтирани пиезо – електрични кристали: |
| 85.42 | | Електронски интегрирани кола и микросклопови: |
| 85.45 | | Јаглени електроди, јаглени четкички, јаглен за сијалици, јаглен за батерии и други производи од графит, или друг јаглен, со или без метали за електрични цели: |
| | 8545.1 | - Електроди; |
| | 8545.11 | – за печки; |
| | 8545.111 | --- со пречник поголем од 600 мм |
| | 8545.119 | --- други |

### Член 2-в

По исклучок од член 2 на овој закон посебна такса на увезени стоки не се плаќа на:

1) увозот на стоки на кои според меѓународни договори не се плаќа царина;

2) увозот на стоки кои по основа на хуманитарна помош се примаат бесплатно;

3) суровини и репродукционен материјал што не се произведуваат во Република Македонија и што служат за производство на дијализатори, врз основа на потврда од Министерството за здравство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија.

4) увозот на опрема и репроматеријали кои не се произведуваат во Република Македонија, а се наменети за изградба на железничката пруга Куманово – граница со Република Бугарија, врз основа на потврда издадена од Министерството за стопанство дека не се произведува во Република Македонија и мислење издадено од Министерството за сообраќај и врски а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија дека опремата и репроматеријалите се наменети за железничката пруга.

5) Увозот на суровини што се увезуваат во согласност со Енергетскиот биланс на Република Македонија врз основа на потврда од Министерството за стопанство од следниве тарифни броеви и тарифни ознаки:

| | | |
|---|---|---|
| 27.01 | | Камен јаглен, вклучувајќи и брикети со разни форми од камен јаглен: |
| | 2701.1 | - Камен јаглен, вклучувајќи го и оној во прав но неагломериран; |
| | 2701.11 | -- антрацит |
| | 2701.20 | - Брикети со разни форми од камен јаглен |
| 27.02 | | Мрк јаглен и лигнит агломериран или неагломериран освен гагат: |
| | 2702.10 | - Мрк јаглен и лигнит, вклучувајќи и во прав неагломериран |
| | 2702.20 | - Агромериран мрк јаглен и лигнит |
| 2703.00 | | Тресет (вклучувајќи тресетна слама) неагломериран или агломериран |
| 2704.00 | | Кокс и полукокс од камен јаглен, мрк јаглен, лигнит или тресет, неагломериран или агломериран; ретортен јаглен |
| | 2704.001 | --- кокс металуршки (со гранулација до 80 мм) |
| | 2704.002 | --- кокс леарски (со гранулација преку 80 мм) |
| | 2704.003 | --- кокс од гасарници |
| | 2704.004 | --- за производство на електроди |
| 2706.00 | | Катран добиен со дестилација на камен јаглен, мрк јаглен и лигнит, тресет и други минерални катрани, дехидратирани или недехидратирани или делумно дестилирани или не, вклучувајќи реконструирани катрани: |
| 2709.00 | | Нафта и масла добиени од битуменозни минерали сурови: |
| | 2709.001 | --- нафта |
| | 2710.00 | Масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозни минерали освен сурови: производи на друго место не спомнати или вклучени кои содржат по маса 70% или повеќе масло од нафта или масла добиени од битуменозни минерали и ако претставуваат основни состојки на овие производи |
| | 2710.0001 | --- моторен бензин вклучувајќи и авио – бензин: |
| | 2710.0011 | ----авио – бензин |
| | 2710.0012 | ----моторен бензин, безоловен |
| | 2710.0013 | ---- друг моторен бензин |
| | 2710.0014 | ----бензин за преработка и намешување (базни или примарни) |
| | 2710.002 | --- гориво за млазни мотори од бензински тип Керозин и други средни масла, освен гасни масла: |
| | 2710.004 | --- керозин (вклучувајќи гориво за млазни мотори од керозински тип); |
| | 2710.0041 | ---- петролеј (керозин) за мотори |
| | 2710.0042 | ----горива за млазни мотори од петролејски (керозински тип) |
| | | Гасни масла: |
| | 2710.006 | --- дизел горива |
| | 2710.007 | --- бродски и други горива |
| | 2710.008 | --- други масла |
| | | Гасни масла за горење на други места не спомнати ниту опфатени: |
| | 2710.009 | --- ниско сулфурни за металургија |
| | 2710.010 | --- други |
| | | Масла за подмачкување и други тешки масла и производи врз основа на тие масла: |
| | 2710.011 | --- базни масла |
| | 2710.018 | --- трансформаторски и изолациони масла |
| 27.11 | | Нафтени гасови и други гасовити јаглеcivodorodi: |
| | 2711.19 | -- друго: |
| | 2711.191 | --- мешаници на пропан и бутан |
| 27.13 | | Кокс, битумен, други остатоци од нафта или од масла од битуменозни минерали; |
| | 2713.1 | - нафтен кокс |
| | 2713.20 | - битумен од нафта |
| 27.16 | | Електрична енергија; |

6) закупот на авиони;

7) увозот на суровини, репродукционен материјал погонско гориво и друг потрошен материјал под услови утврдени во член 53 од Законот за царините;

8) увозот на сол, врз основа на потврда од Министерството за стопанство;

9) увозот на производи од следниве тарифни броеви и тарифни ознаки:

| | |
|---|---|
| 04.01 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување: |
| 1201.00 | Соја од зрно вклучувајќи и кршена или дробена |
| 1205.00 | Семе од маслодајна репка, вклучувајќи кршено или дробено |
| 1206.00 | Семе од сончоглед, вклучувајќи кршено или дробено |
| 15.12 | Масло од семе на сончоглед, шафраника и памуково семе и нивни фракции, пречистени |

| | | |
|---|---|---|
| | | или непречистени, но хемиски немодификувани: |
| | 1512.11 | – Сурово масло |
| | 1512.19 | – Друго |

10) увозот на нови патнички автомобили и други моторни возила од следниот тарифен број и тарифни ознаки:

| | | |
|---|---|---|
| 87.03 | | Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тарифен број 87.02), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван", комби итн) и автомобили за трки: |
| | 8703.2 | – Други возила со клипни мотори и со палење со помош на свеќички, освен со ротациони клипни мотор: |
| | 8703.21 | – со зафатнина на цилиндрите до 1000 $cm^3$ |
| | 8703.211 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.214 | --- санитетски возила |
| | 8703.215 | --- теренски возила, составени |
| | 8703.219 | --- други |
| | 8703.22 | – со зафатнина на цилиндрите над 1000 до 1500 $cm^3$ |
| | 8703.221 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.224 | --- санитетски возила |
| | 8703.225 | --- теренски возила, составени |
| | 8703.229 | --- други |
| | 8703.23 | --- со зафатнина на цилиндрите над 1500 до 3000 $cm^3$ |
| | 8703.231 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.2311 | ---- над 1500 до 2000 $cm^3$ |
| | 8703.2312 | ---- над 2000 до 3000 $cm^3$ |
| | 8703.234 | --- санитетски возила |
| | 8703.235 | --- теренски возила, составени |
| | 8703.239 | --- други |
| | 8703.24 | – со зафатнина на цилиндрите над 3000 $cm^3$ |
| | 8703.241 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.244 | --- санитетски возила |
| | 8703.245 | --- теренски возила, составени |
| | 8703.249 | --- други |
| | 8703.3 | - Други возила со клипен мотор со внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел или полудизел): |
| | 8703.31 | – со зафатнина на цилиндрите до 1500 $cm^3$ |
| | 8703.311 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.314 | --- санитетски возила |
| | 8703.319 | --- други |
| | 8703.32 | – со зафатнина на цилиндрите над 1500 до 2500 $cm^3$ |
| | 8703.321 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.324 | --- санитетски возила |
| | 8703.325 | --- теренски возила, составени |
| | 8703.329 | --- други |
| | 8703.33 | – со зафатнина на цилиндрите над 2500 $cm^3$ |
| | 8703.331 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.334 | --- санитетски возила |
| | 8703.335 | --- теренски возила, составени |
| | 8703.339 | --- други |
| | 8703.90 | - други |
| | 8703.901 | --- патнички автомобили, составени |
| | 8703.904 | --- санитетски возила |
| | 8703.909 | --- други |

11) резервни делови, сетови или комплети на резервни делови за една постројка, со вредност до најмалку 500 американски долари изразено во денарска противвредност по парче, односно сет или комплет, што се во функција на производството и не се произведува во Република Македонија, врз основа на потврда од Министерството за стопанство, а по претходно утврдени критериуми од Владата на Република Македонија и

12) увозот на машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици од следниот тарифен број и тарифна ознака:

| | | |
|---|---|---|
| 84.71 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи; Машини за препишување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: |
| | 8471.9 | - Друго |
| | 8471.91 | - Дигатални централни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи и дигитални централни единици кои во исто кукиште имаат една или две од следниве видови единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: |
| | 8471.911 | --- со процесор со помалку од 32 бита |
| | 8471.912 | --- со процесор со 32 и повеќе бита |
| | 8741.92 | --Влезни и излезни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи влезни и излезни единици што во исто кукиште имаат и мемориски единици: |
| | 8471.923 | --- ласерски печатачи, единици за цртање (плотери), за снимање на филм или за фотокопирање |
| | 8471.924 | --- видео – дисплеи, еднобојни |
| | 8471.925 | --- видео – дисплеи, повеќебојни и врз основа на течни кристали |
| | 8471.926 | --- комплетни електронски тастатури |
| | 8471.9261 | ---- со подвижни типки |
| | 8471.9269 | ---- други |
| | 8471.927 | --- читачи на документи, ознаки и уреди за внесување на податоци од цртежи |
| | 8471.929 | --- други |
| | 8471.93 | -- мемориски единици, испорачани посебно или како дел на систем: |
| | 8471.931 | --- екстерни мемории |
| | 8471.939 | --- други |
| | 8471.99 | -- друго |

| | |
|---|---|
| 8471.991 | --- додатни единици за поврзување на сметачи и периферни уреди |
| 8471.992 | --- контролни уреди и адаптери |
| 8471.999 | --- друго; |

Член 2-г

Одредбите од членовите 2-а до 2-в се однесуваат единствено на корисниците од Република Македонија и за снабдувањето на пазарот во Република Македонија.

Царинската управа води евиденција за увозот на стоки во согласност со овој закон и тоа за вредноста на увезените стоки, за износот на наплатената такса на увезените стоки и за износот што би се платил да не се користени повластици. Царинската управа доставува до Владата на Република Македонија, преку Министерството за финансии, тримесечен извештај за податоци од евиденцијата.

Член 2-д

Земјите во кои е пропишано ослободување од обврска за плаќање посебна такса за стоките увезени од Република Македонија, се ослободуваат од плаќање посебна такса за стоките што се по потекло од тие земји, по основа на реципроцитет.

Член 2-ѓ

На стоките што се увезуваат од земјите во кои е воведена обврска за плаќање на посебна такса за стоките увезени од Република Македонија, се воведува обврска за плаќање посебна такса, односно за стоките за кои е променета висината на посебната такса во таа земја, се плаќа посебна такса во висина што ја вовела таа земја, по основа на реципроцитет".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

---

**1620.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА КУМАНОВО - БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ДЕВЕ БАИР (ГРАНИЦА СО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА) ВО 1994, 1995 И 1996 ГОДИНА

Се прогласува Законот за обезбедување средства за финансирање на Програмата за изградба на железничката пруга Куманово - Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир (граница со Република Бугарија) во 1994, 1995 и 1996 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3689/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА КУМАНОВО - БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ДЕВЕ БАИР (ГРАНИЦА СО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА) ВО 1994, 1995 И 1996 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се обезбедуваат средства во денарска противвредност од 120 милиони американски долари пресметани по курсот на Народната банка на Македонија, за финансирање на изградбата на железничката пруга Куманово - Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир (граница со Република Бугарија).

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон се користат за извршување на Програмата за изградба на железничката пруга Куманово - Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир (граница со Република Бугарија) во 1994, 1995 и 1996 година (во понатамошниот текст: Програма), во согласност со одредбите на овој закон.

Програмата, во смисла на член 4 од овој закон, е составен дел на овој закон.

Член 3

Средствата од член 1 на овој закон се обезбедуваат во Буџетот на Републиката и од страна на Јавното претпријатие ЖТП - Скопје и тоа во следниве износи:

| | денарска противвредност |
|---|---|
| I. Домашни извори | 80 милиони долари |
| 1. Средства од Буџетот на Република Македонија | 60 милиони долари |
| 2. Средства - дел од компензациониот фонд на ФАРЕ | 8 милиони долари |
| 3. Средства од други приходи на Република Македонија | 2 милиони долари |
| 4. Сопствени средства на Јавното претпријатие за реконструкција на делницата Куманово - Бељаковце (дел од амортизација) | 10 милиони долари |
| II. Странски извори | 40 милиони долари |
| 1. Стоков кредит (за набавка на шини и колосечен прибор) | 31 милиони долари |
| 2. Средства на донации од странски држави | 9 милиони долари |
| ВКУПНО (I+II) | 120 |

Член 4

Програмата рамковно опфаќа:

1) изградба на долниот строј;

2) изградба на горниот строј;

3) изградба на станични објекти, постројки и инсталации;

4) изградба на сигнално-сигурносни и телекомуникациони постројки;

5) експропријација;

6) студии и проекти;

7) надзор над градбата и режија и

8) други непредвидени работи во врска со изградбата на пругата.

Член 5

Средствата од член 1 на овој закон се предвидени врз основа на пресметките од идејниот проект.

Конечниот износ на средствата потребни за извршување на Програмата ќе се утврди по изготвувањето на главните проекти и спроведувањето на постапката за остварување на работите за изградба на железничката пруга.

Член 6

Средствата од член 1 на овој закон ќе се обезбедат во 1995 година во денарска противвредност од 79,5 милиони американски долари во кои се вклучени и средствата обезбедени од Буџетот за 1994 година, и во 1996 година во денарска противвредност од 40,5 милиони американски долари.

Разликата на средствата до конечниот износ од член 5 став 2 на овој закон ќе се обезбеди во 1997 година.

Член 7

Средствата што се обезбедуваат според годишните износи утврдени во член 6 на овој закон ќе се уплатуваат во корист на посебна сметка на инвеститорот на изградбата на железничката пруга од член 1 на овој закон, според документацијата за обемот и вредноста на извршените работи.

Член 8

Правата и должностите на инвеститорот за извршување на Програмата ги врши Јавното претпријатие ЖТП – Скопје, односно неговата организациона единица – Сектор за изградба на железничката пруга, што ги определи Владата на Република Македонија.

Инвеститорот е должен средствата што се обезбедуваат според одредбите на овој закон да ги користи исклучително за намените утврдени со Програмата во смисла на член 4 од овој закон.

За користењето на средствата обезбедени според одредбите на овој закон и извршувањето на Програмата, Јавното претпријатие ЖТП – Скопје, поднесува извештај до Владата на Република Македонија, најмалку два пати годишно.

Член 9

Јавното претпријатие ЖТП – Скопје е должно на Министерството за финансии да му дава податоци и да му овозможи увид во документацијата заради контрола на наменското користење на средствата што се обезбедуваат според одредбите на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1621.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3683/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 78/93), во членот 4 став 1 по зборот „нафта", се додаваат зборовите: „моторен бензин, дизел гориво, масло за горење екстра лесно (ЕЛ), масло за горење лесно специјално (ЛС) и масло за горење – мазут".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Обврзник на акцизата во прометот на деривати на нафта, кои не се наведени во ставот 1, е секој учесник во прометот".

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Во членот 8 став 1 по зборот „нафта" се додаваат зборовите: „моторен бензин, дизел гориво, масло за горење екстра лесно (ЕЛ), масло за горење лесно специјално (ЛС) и масло за горење – мазут".

Член 3

Во членот 9 на крајот на ставот 1 се додава нова реченица која гласи: „Во барањето за упис во регистарот на обврзници на акцизи се наведуваат фирмата и адресата на обврзникот, сопственикот на фирмата со неговата адреса, жиро – сметката преку која го врши финансиското работење и поединечните адреси на производствените и складишните простории и продажните места".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За уписот во регистарот на обврзниците на акцизи органот за јавни приходи донесува решение."

Во ставот 2 кој станува став 3, зборот „пријава" се заменува со зборот „решение".

Член 4

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

"Член 9-а

Обврзници што вршат промет на преработки од тутун се должни во рок од десет дена пред отпочнувањето на вршење на прометот на преработки од тутун да поднесат писмено барање до органот за јавни приходи во општината на чие подрачје се врши прометот за упис во регистар на обврзници на акцизи што ставаат во промет преработки од тутун. Во барањето за упис во регистарот се наведуваат фирмата и адресата на обврзникот, неговата жиро сметка преку која го врши финансиското работење и поединечните адреси на складишните простории и продажните места.

За уписот во регистарот на обврзници на акцизи што ставаат во промет преработки од тутун, органот за јавни приходи донесува решение.

Без решение за упис во регистарот на обврзници на акцизи што ставаат во промет преработки од тутун не може да се врши промет на преработки од тутун."

Член 5

Во членот 10 по зборот „нафта" се додаваат зборовите: „моторен бензин, дизел гориво, масло за горење екстра лесно (ЕЛ), масло за горење лесно специјално (ЛС) и масло за горење – мазут".

По ставот 1 се додава став 2 кој гласи:

„Основицата за плаќање на акцизата во прометот на деривати на нафта, кои не се наведени во став 1, е продажната цена која во себе не содржи акциза."

Член 6

Во членот 11 зборот „–цигари" се брише.

По став 1 се додава став 2 кој гласи:

„Производителот, односно увозникот Одлуката за

определување на продажната цена на преработки од тутун ја објавува во „Службен весник на Република Македонија."

Член 7

Во членот 13 став 2 по зборот „нафта" се додаваат зборовите: „моторен бензин, дизел гориво, масло за горење екстра лесно (ЕЛ), масло за горење лесно специјално (ЛС) и масло за горење - мазут", а зборовите: „утврдена со Одлука на Владата на Република Македонија" се бришат.

Член 8

Во членот 16 стапката „2%" се заменува со стапката „0,5%".

Член 9

Во членот 17 по точката 5) се додаваат три нови точки 6), 7) и 8) кои гласат:

"6) врши промет на преработки од тутун без решение за упис во регистарот на обврзници на акцизи што ставаат во промет преработки од тутун;

7) врши промет на преработки од тутун - цигари без ознака „М" и

8) обврзникот во фактурата посебно не ја искаже пренесената акциза од претходните учесници во прометот."

За сторените стопански престапи од точките 6) и 7) на овој член, покрај парична казна се изрекува и заштитна мерка забрана на вршење на дејноста во траење од три месеци до една година.

Член 10

Во членот 20 по точката 4) се додаваат 2 нови точки 5) и 6) кои гласат:

"5) одлуката за определување на продажната цена на преработки од тутун не ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и

6) врши промет на преработки од тутун - цигари надвор од деловните простории регистрирани за промет на преработки од тутун - цигари".

Член 11

Во членот 22 став 1 после точката 5) се додаваат две нови точки 6) и 7) кои гласат:

„6) врши промет на преработки од тутун - цигари надвор од деловните објекти регистрирани за промет на преработки од тутун - цигари и

7) врши промет на преработки од тутун - цигари без ознака „М".

По ставот 2 се додава став 3 кој гласи:

„За сторениот прекршок од точките 3), 5), 6) и 7) на овој член, покрај парична казна се изрекува и заштитна мерка забрана на вршење на дејноста во траење од три месеци до една година".

Член 12

По членот 23 се додава нов член 23-а кој гласи:

„Член 23-а

Физичко лице кое продава преработки од тутун - цигари надвор од објектите регистрирани за вршење на промет на преработки од тутун - цигари ќе се казни за прекршок со парична казна од една десетина до една половина од плата, а затекнатите количества на преработки од тутун - цигари му се одземаат.

Физичко лице кое ќе купи преработки од тутун - цигари од продажно место кое не е регистрирано за вршење на промет на преработка на тутун - цигари, ќе се казни за прекршок на самото место со парична казна една петтина од плата.

Покрај паричната казна од став 2 на овој член на физичкото лице ќе му се одземат и купените преработки од тутун."

Член 13

Во Тарифата на акцизите во тарифниот број 1 став 1 точка 1 се менува и гласи:

„1) Моторен бензин

- МБ 86 .................... 67,1206%
- МБ 98 .................... 67,2209%
- БМБ 95 .................... 64,8179%"

Точка 2) се менува и гласи:

"2) Дизел гориво

- Д-1 .................... 62,7826%
- Д-2 .................... 62,6755%"

Точка 3) се менува и гласи:

"3) Масло за горење екстра лесно (ЕЛ) и масло за горење лесно специјално (ЛС)

- ЕЛ .................... 38,3000%
- ЛС .................... 38,3000%"

Точката 7) се менува и гласи:

"7) Масло за горење, мазут и тоа:

- лесно (Л), средно (С), тешко (Т) екстра тешко (ЕТ), нискосулфурно лесно (НСЛ), нискосулфурно средно (НСС) и нискосулфурно тешко (НСТ) ... 11,4754%."

Во забелешката кон тарифниот број 2 во точката 1 ставот 2 се брише.

Член 14

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

---

**1622.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 1994 година.

Број 08-3681/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се уредува исплатата на нето платите и одделни надоместоци кај правните лица со седиште во Република Македонија.

Одредбите на овој закон, освен на членот 5, не се однесуваат на правните лица кај кои повеќе од 70% од средствата се во приватна сопственост.

Член 2

Правното лице кое врши дејност распоредена во областа од 01 до 11 и правното лице кое врши дејност во областа од 12 до 14 кое е регистрирано како претпријатие, нето платите ги исплатува во согласност со општиот акт, колективен договор и овој закон.

Член 3

Правното лице од членот 2 на овој закон, нето платите за месец јануари 1995 година и натаму ги исплатува до висина на правото што го утврдило за месец декември 1994 година согласно со Законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 78/93) и зголемено најмногу до:

- планираната стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот месец во однос на претходниот месец намалена за 0,5 процентни поени, односно остварената доколку таа е еднаква или е под планираната стапка на пораст на трошоците на живот и
- 50% од разликата меѓу остварената и планираната стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, доколку остварената стапка е повисока од планираната стапка на трошоците на живот.

Доколку просечната месечна нето плата по работник кај правното лице исплатена за месец декември 1994 година е пониска од 75% од просечно исплатената во стопанството за месец декември 1994 година, според објавените податоци на Републичкиот завод за статистика, правното лице може правото за плата за месец јануари 1995 година да го зголеми најмногу до 80% од разликата меѓу платата за месец декември 1994 година и нивото од 75% од просечната плата во стопанството.

Правното лице од ставовите 1 и 2 на овој член платите за месец јули 1995 година и натаму ги исплатува до висина на правото што го утврдило за месец јуни 1995 година согласно со овој закон и зголемено најмногу до остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец.

Член 4

Правното лице кое врши дејност распоредена во областите од 12 до 14, освен правното лице кое е регистрирано како претпријатие, нето платите за месец јануари 1995 година и натаму ги исплатува до висина, на правото што го утврдило за месец декември 1994 година согласно со Законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 78/93) и зголемено најмногу до:

- планираната стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот месец во однос на претходниот месец намалена за 1 процентен поен, односно остварената, доколку таа е еднаква или е под планираната стапка на пораст на трошоците на живот и
- 50% од разликата меѓу остварената и планираната стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, доколку остварената стапка е повисока од планираната стапка на трошоците на живот.

Правното лице од ставот 1 на овој член платите за месец јули 1995 година и натаму ги исплатува до висина на правото што го утврдило за месец јуни 1995 година согласно со овој закон и зголемено најмногу до:

- планираната стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот месец во однос на претходниот месец намалена за 0,5 процентни поени, односно остварената, доколку таа е еднаква или е под планираната стапка на пораст на трошоците на живот и
- 50% од разликата меѓу остварената и планираната стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, доколку остварената стапка е повисока од планираната стапка на трошоците на живот.

Член 5

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата, не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во гранката на која и припаѓа правното лице регистрирано согласно со Уредбата за единствена класификација на дејностите, објавена во тековниот месец.

Министерството за труд и социјална политика до 25 во тековниот месец ја утврдува основицата од ставот 1 на овој член и истата ја објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Член 6

Новоформираното правно лице кое за прв пат исплатува плата по донесувањето на овој закон, платите ги исплатува согласно со општиот акт.

Член 7

Правното лице кое ќе искаже загуба по годишната пресметка за 1994 година, се додека не ја покрие загубата со годишната пресметка од дотации и со отпис на побарувањата на доверителите на товар на неноминираниот капитал, платите по вработен ги исплатува најмногу во висина од 90% од правото утврдено согласно со членовите 3 и 4 на овој закон.

Одредбата од ставот 1 на овој член не се однесува на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Републичкиот завод за вработување и Фондот за здравствено осигурување.

Член 8

Се забранува исплата на плати од дневен пазар, како и исплата на плати и други надоместоци на плати во бонови и натура.

Платата на работниците правното лице ја исплатува исклучително во паричен износ или чек издаден од банка или пошта.

Член 9

Правното лице може да врши исплата на надоместоците кои имаат карактер на заедничка потрошувачка и материјални расходи и тоа најмногу до:

- 60% за регрес за годишен одмор и
- двократен износ за отпремнина при заминување на работникот во пензија.

Надоместоците од ставот 1 на овој член се пресметуваат врз основа на просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместокот од ставот 1 алинеја 1 на овој член се исплатува еднаш во текот на годината. Доколку надоместокот се исплатува во два дела, вкупниот износ не може да биде повисок од правото утврдено при првата исплата.

Член 10

Стапките на пораст од членовите 3 и 4 ги утврдува и објавува Министерството за труд и социјална политика.

Член 11

Министерот за труд и социјална политика пропишува начин на утврдување на износот на средствата за плати, составување на пресметките и доставување до Заводот за платен промет.

Прописот од ставот 1 на овој член ќе се донесе во рок од пет дена по влегувањето во сила на овој закон.

Заводот за платен промет врши контрола на примената на овој закон.

Член 12

Со парична казна од 150 до 200 плати ќе се казни за стопански престап правното лице кое платите ќе ги исплати спротивно на одредбите на овој закон.

За дејството од ставот 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице кај правното лице со парична казна од пет до десет плати.

Покрај паричната казна за стопански престап од ставот 2 на овој член, ќе се изрече и заштитна мерка - забрана на вршење на определени должности во траење од шест месеци до една година.

Член 13

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува заклучно со исплатата на платите и надоместоците за месец декември 1995 година.

**1623.**

Врз основа на член 7 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 26/92, 4/93 и 29/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1995 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1995 година, во согласност со целите и задачите на економската политика на Република Македонија.

2. Монетарно-кредитната политика, заедно со мерките во другите области на економската политика, ќе биде насочена кон намалување на инфлацијата, така што порастот на цените на мало на крајот на 1995 година во однос на декември 1994 година да не биде поголем од 17,8%.

3. Согласно со проценетата побарувачка за пари, за остварување на целта од точка 2 од оваа одлука, со мерките на монетарно-кредитната политика ќе се обезбеди зголемување на паричната маса (М1 - без депозитите на државниот сектор) во 1995 година најмногу за 28,1%.

4. Заради остварување на стапката на пораст на паричната маса од точка 3 од оваа одлука, Народната банка на Република Македонија покрај редовните инструменти за монетарно регулирање, ќе врши и ограничување на порастот на денарските пласмани на банките и штедилниците во текот на 1995 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3688/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1624.**

Врз основа на член 174 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1994 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 1995 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година се утврдува по стапка од:

а) 10,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 8,33% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат за стаж на осигурување како 17 месеци;

в) 6,66% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци:

г) 5,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

д) 3,33% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци и

ѓ) 1,67% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Член 2

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се пресметува од платите на вработените на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, а се плаќа од доходот-добивката, односно од редовните средства за работа на организацијата.

За осигурениците од органите за внатрешни работи, казнено-поправните установи и од Армијата на Република Македонија, средствата од придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење паѓаат на товар на Буџетот на Републиката.

Член 3

Уплатата на придонесот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при исплата на платите.

Член 4

За обврзниците за плаќање на придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за кои се утврдени правата и кои не го платиле дополнителниот придонес, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за овој стаж ќе служи платата која не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката објавена во тековниот месец и стапките на придонесот на денот на плаќањето на придонесот.

За работните места за кои ќе биде донесена одлука за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, за начинот на плаќањето ќе се применува ставот 1 од членот 4 на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3692/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1625.**

Врз основа на член 174 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1994 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ПЛАТИ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 1995 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1995 година се утврдува на 20,0%.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување се зема остварената плата на работниците кај правните лица, која не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката објавена во тековниот месец.

Член 3

За осигурениците за кои се утврдува само плата, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и плаќа од чистата плата со примена на пресметана стапка на чиста плата врз основа на збирот на републичките стапки на придонес од плати.

Член 4

За осигурениците кои навреме не ќе пријавиле во пензиското и инвалидското осигурување или нецелосно и навреме не го плаќале придонесот, како основица на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот служи платата или основицата на осигурување на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот.

За осигурениците од став 1 на овој член кои немаат плата, односно основица на осигурување, за пресметување и плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување служи основицата според стручната квалификација определена со општ акт на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3691/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1626.**

Врз основа на член 14 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ број 30/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1994 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДЕВИЗНАТА ПОЛИТИКА И ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1995 ГОДИНА

Со девизната политика за 1995 година ќе се создаваат услови за зголемување на извозот и на девизниот прилив, за намалување на дефицитот во тековните трансакции со странство, регулирање на обврските со странските кредитори, остварување нето позитивен прилив на странски капитал, натамошно зголемување на девизните резерви со цел за обезбедување на ликвидност во плаќањето со странство.

1. Во 1995 година ќе се продолжи со спроведување на политика на флексибилен пазарно детерминиран девизен курс на денарот. Заради одржување на ценовната конкурентност на извозот, Народната банка на Република Македонија ќе настојува вредноста на денарот да депресира најмногу до целната месечна стапка на инфлација, или помалку ако остварената стапка на инфлација во претходниот месец е помала од целната стапка во тековниот месец.

Во услови на поголема понуда на девизи на девизниот пазар Народната банка на Република Македонија ќе интервенира зависно од остварувањето на таргетот на монетарната политика за порастот на монетарната база. Доколку со интервенциите на Народната банка на Република Македонија се загрози остварувањето на монетарниот таргет, а заради ограничените можности за стерилизација на интервенциите на Народната банка на Република Македонија, ќе се дозволи помала стапка на депресијација на денарот или негова апресијација.

Доколку настанат неповолни движења во остварувањето на Проекцијата на платниот биланс, а со тоа се намали понудата на девизи на девизниот пазар до степен кој не може да се неутрализира со заострување на монетарната политика, Народната банка на Република Македонија нема да интервенира на девизниот пазар по утврденото минимално ниво на нето девизни резерви и ќе дозволи денарот реално да депресира.

2. Унапредувањето на извозот ќе се остварува преку политиката на реален курс на денарот, со поврат на царини и други увозни давачки како меѓународно прифатени инструменти, со поттикнување на извозот на одделни земјоделско-прехранбени производи, при што приоритет ќе се даде на производите чиј пласман е отежнат и на производите со повисока фаза на преработка, како и со поттикнување на нето девизниот прилив од надворешно-трговската размена со сопствени производи.

Ќе се продолжи со унапредување на туристичко-информативната пропаганда од Македонија во странство.

За поттикнување на извозот и на нето девизниот прилив во 1995 година ќе се обезбедат реално ист обем на средства во Буџетот на Републиката како и во 1994 година.

За унапредување на извозот ќе се остваруваат промотивно-пропагандни активности на стопанството и ќе започне процес за формирање на претставничката мрежа во странство.

3. Увозот на стоки ќе се остварува во рамките на утврдените пропорции со Платниот биланс на земјата, при што приоритет ќе се даде на увозот на енергетици, суровини, други репроматеријали и опрема која не се произведува во нашата земја, а со која ќе се придонесува за зголемување на извозот.

Плаќањето на увозот ќе се врши во рамките на остварените и купените девизи на девизниот пазар.

Царинската управа ќе продолжи да ја врши контролата на увозот и врз основа на поднесените документи за обезбедени девизни средства за плаќање.

Со царинската политика и со политиката на увозните давачки во 1995 година вредносно ќе се намалат ослободувањата за 25% во однос на тие во 1994 година. Притоа од царини и увозни давачки ќе бидат делумно ослободени увозот на опремата, суровините и репроматеријалите наменети за производство за извоз, за развој на стопанската инфраструктура, како и производите за заштита на одделни земјоделско-прехранбени производи.

Заради ова, ќе се изврши ревизија на Царинската

тарифа и ќе се воведе хармонизирана номенклатура согласно со принципите на GATT.

Ќе се унапредува либерализацијата на извозно-увозните режими, а ќе се врши и соодветна заштита на домашното производство, особено на производството од земјоделската и прехрамбената индустрија.

Ќе се намалат количинските контингенти за увозот и извозот на стоки по број на стоки и вредност и ќе се утврдат најдоцна до декември 1994 година, и тоа на годишно ниво - со квартална динамика.

Ќе се унапредува аукциската распределба на увозот и извозот на стоки за кои се утврдени контингенти и ќе се зголемува бројот на производите од контингентите кои ќе бидат опфатени преку аукцискиот систем.

Вредноста на компензационите работи со странство ќе се намалува, а приоритет ќе се даде на компензационите работи со кои се овозможува увоз на стоки што се дефицитарни на домашниот пазар, а особено на енергенти, пченица, пченка, шеќер, млеко и масло, како и на увоз на опрема која е во функција на зголемување на извозот на стоки.

Ќе се интензивираат активности за забрзување на процесот на институционализација на односите со странските земји, меѓународните институции и други интеграциони иницијативи, а особено со блиското соседство и Европската унија (склучување на спогодби за унапредување на трговската размена, за заштита и поттикнување на инвестиционите вложувања, за избегнување на двојно оданочување).

Надворешно-трговската размена ќе се остварува со конвертибилен начин на плаќање, освен ако не е договорен друг начин на плаќање со меѓудржавна спогодба.

4. Политиката на кредитно-финансиските односи со странство ќе биде насочена кон нормализирање на односите, регулирање на обврските и остварување на нето позитивен прилив на странски капитал.

Во 1995 година, во рамките на договорениот „stand by" аранжман со Меѓународниот монетарен фонд, редовно ќе се намируваат обврските спрема Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка и Меѓународната финансиска корпорација. Ќе се остваруваат активности за регулирање на пристигнатите, а неплатени обврски и за регулирање на обврските кои пристигнуваат за плаќање во 1995 година и спрема Европската инвестициона банка и Европскиот фонд за реинтеграција, при што ќе се настојува и со нив да се оствари нето позитивен прилив во меѓусебните односи. Ќе се воспостават односи и со земјите членки на Парискиот клуб. При тоа во 1995 година ќе се настојува да се репрограмира дел од обврските кон овие кредитори, а ќе се извршуваат само пристигнатите обврски по кредити кои спрема правилата на овие кредитори не подлежат на репрограмирање, а во зависност од постигнатиот договор со нив.

Република Македонија ќе иницира разговори со претставниците на странските комерцијални банки (Лондонски клуб), заради изнаоѓање можности за регулирање на долгот со овие кредитори.

Во 1995 година средствата од Меѓународниот монетарен фонд ќе се наменат за пополнување на девизните резерви.

Со потпишувањето на „stand by" аранжманот ќе се користат средства и од Светската банка главно за поддршка на Платниот биланс и на структурните реформи. Исто така, ќе се обезбедат и средства за изградба и реконструкција на патната мрежа, како и за поддршка на проекти од подрачјето на аграрот. Поголем дел од кредитите од Светската банка ќе се настојува да се обезбедат според условите за кредитирање од Меѓународното здружение за развој (IDA).

Заради поддршка на развојни програми во 1995 година ќе се користат кредити и од Европската банка за обнова и развој, особено за развој на енергетиката, за реализација на проектот за унапредување на системот на контрола на летањето, за развојот на ПТТ - мрежата во земјата и за развој на приватен бизнис во мали претпријатија.

Република Македонија ќе дава гаранции за користење на странски кредити само за проекти со кои ќе се развива инфраструктурниот сектор, приватната иницијатива во мали претпријатија и мали приватни сточарски фарми во земјата, под услов субјектите да можат со сопствени средства да ги враќаат обврските по користениот кредит.

Во 1995 година ќе се обезбеди користење на трговски кредити (самоисплатливи) за увоз на енергетици, суровини и репроматеријали, особено за финансирање на извозот на стоки, како и на трговски кредити за самоисплатливи минимални инвестирања. Банките ќе можат краткорочно да се задолжуваат во странство заради премостување на сезонската неусогласеност на девизниот прилив и одлив на банките.

Со оглед на ограничените можности за задолжување во странство, основната ориентација и иницијативи ќе бидат насочени кон создавање на услови особено за ангажирање на средства по пат на заеднички вложувања со странски партнери.

5. Вкупните девизни резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија, во согласност со Проекцијата на платниот биланс за 1995 година, се утврдуваат на ниво од двомесечни плаќања спрема странство.

Постојните девизни резерви на Република Македонија, а со кои се обезбедува минимум на ликвидност во плаќањата спрема странство, за 1995 година се утврдуваат на ниво на едномесечни плаќања спрема странство, а не помалку од 110 милиони долари.

Висината на девизните резерви со кои ракуваат деловните банки ќе се утврдува со посебна одлука на Народната банка на Република Македонија, а во согласност со условите за обезбедување на тековна ликвидност на плаќањата спрема странство и предвидените пропорции на Платниот биланс на Република Македонија.

Во согласност со утврдената политика на курсот на денарот и Проекцијата на платниот биланс, минималното ниво на нето девизните резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија ќе се зголемува по 10 милиони долари квартално, при што на крајот на 1995 година истото ќе изнесува 185 милиони долари.

Девизните резерви на Република Македонија ќе се пополнуваат од следните извори: купување злато, купување девизи од девизен пазар, користење финансиски кредити од странство, откуп на странски средства за плаќање преку менувачки работи, надоместоци што се плаќаат на државата во сообраќајот, бензински бонови, ефективни странски пари добиени со продажба на општествен капитал, издавање девизни обврзници и приходи врз основа на ракување со девизните резерви.

Заради спроведување на политиката на курсот на денарот девизните резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија ќе се користат за интервенции на девизниот пазар во согласност со монетарната политика, како и за одржување на општата ликвидност на плаќањата на Република Македонија спрема странство.

6. Тргнувајќи од мерките за извршување на девизната политика за 1995 година се утврдува

# ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1995 ГОДИНА
– по квартали

-мил. САД долари

| ОСНОВА | прв квартал | | | втор квартал | | | трет квартал | | | четврт квартал | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Извоз (приходи) | Увоз (расходи) | САЛДО | Извоз (приходи) | Увоз (расходи) | САЛДО | Извоз (приходи) | Увоз (расходи) | САЛДО | Извоз (приходи) | Увоз (расходи) | САЛДО |
| 1. Тековни трансакции | 368 | 378 | -10 | 472 | 478 | -6 | 458 | 482 | -24 | 495 | 504 | -9 |
| А. Стоки и услуги | 279 | 215 | -45 | 371 | 402 | -31 | 349 | 394 | -45 | 375 | 414 | -39 |
| а) Стоки | 219 | 285 | -66 | 298 | 361 | -63 | 269 | 351 | -82 | 304 | 373 | -69 |
| 1. Општи стоки | 205 | 265 | -60 | 280 | 339 | -59 | 250 | 328 | -78 | 285 | 348 | -63 |
| 2. Стоки за облагородување | 14 | 20 | -6 | 18 | 22 | -4 | 19 | 23 | -4 | 19 | 25 | -6 |
| 3. Немонетарно злато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| б) Услуги | 51 | 30 | 21 | 73 | 41 | 32 | 80 | 43 | 37 | 71 | 41 | 30 |
| 1. Сообраќај | 9 | 10 | -1 | 9 | 10 | -1 | 8 | 10 | -2 | 9 | 10 | -1 |
| 2. Туризам | 8 | 4 | 4 | 10 | 7 | 3 | 15 | 9 | 6 | 7 | 5 | 2 |
| 3. Инвестициони работи | 6 | 4 | 2 | 14 | 6 | 8 | 14 | 6 | 8 | 6 | 4 | 2 |
| 4. Застапничка провизија | 4 | 2 | 2 | 4 | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | 3 | 2 | 1 |
| 5. Други услуги | 24 | 10 | 14 | 36 | 15 | 21 | 39 | 15 | 24 | 46 | 20 | 26 |
| Б. Камати | 2 | 13 | -11 | 2 | 11 | -9 | 2 | 13 | -11 | 2 | 10 | -8 |
| В. Тековни трансфери | 96 | 50 | 46 | 99 | 65 | 34 | 107 | 75 | 32 | 118 | 80 | 38 |
| 1. Официјални трансфери | 10 | 0 | 10 | 10 | 0 | 10 | 10 | 0 | 10 | 10 | 0 | 10 |
| 2. Приватни трансфери | 86 | 50 | 36 | 89 | 65 | 24 | 97 | 75 | 22 | 108 | 80 | 28 |
| 2.1. Дознаки | 5 | 12 | -7 | 5 | 15 | -10 | 7 | 18 | -11 | 8 | 20 | -12 |
| 2.2. Други трансфери | 81 | 38 | 43 | 84 | 50 | 34 | 90 | 57 | 33 | 100 | 60 | 40 |

| ОСНОВА | Користење (приходи) | Отплати (расходи) | САЛДО | Користење (приходи) | Отплати (расходи) | САЛДО | Користење (приходи) | Отплати (расходи) | САЛДО | Користење (приходи) | Отплати (расходи) | САЛДО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II. Капитални и финансиски трансакции | 86 | 30 | 56 | 80 | 50 | 30 | 76 | 33 | 43 | 62 | 38 | 24 |
| А. Капитални трансакции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1. Капитални трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Финансиски трансакции | 86 | 30 | 56 | 80 | 50 | 30 | 76 | 33 | 43 | 62 | 38 | 24 |
| 1. Среднорочни и долгорочни заеми и кредити | 62 | 13 | 49 | 56 | 32 | 24 | 52 | 13 | 39 | 42 | 18 | 24 |
| 1.1. Обврски | 62 | 13 | 49 | 56 | 32 | 24 | 52 | 13 | 39 | 42 | 18 | 24 |
| 2.1.1. Трговски кредити | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 | 4 | 4 | 1 | 3 | 3 | 1 | 2 |
| 2.1.2. Други обврски | 58 | 13 | 45 | 52 | 32 | 20 | 48 | 12 | 36 | 39 | 17 | 22 |
| 2. Краткорочни кредити (нето) | 24 | 17 | 7 | 24 | 18 | 6 | 24 | 20 | 4 | 20 | 20 | 0 |
| 2.1.1. Трговски кредити | 20 | 5 | 15 | 20 | 5 | 15 | 20 | 5 | 15 | 15 | 5 | 10 |
| 2.1.2. Други обврски | 4 | 12 | -8 | 4 | 13 | -9 | 4 | 15 | -11 | 5 | 15 | -10 |
| III. Грешки и пропусти | | | -57 | | | -53 | | | -28 | | | -22 |
| IV. Вкупен биланс | -7 | 4 | -11 | -23 | 6 | -29 | -6 | 3 | -9 | 1 | 8 | -7 |
| V. Промена за девизните резерви | -20 | 12 | -8 | -20 | 12 | -8 | -20 | 12 | -8 | -29 | 13 | -16 |
| VI. Пристигнати неплатени обврски | 27 | 8 | 19 | 43 | 6 | 37 | 26 | 9 | 17 | 28 | 5 | 23 |

## ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1995 ГОДИНА 1)

– мил. САД долари

| ОСНОВА | Извоз (приходи) | Увоз (расходи) | САЛДО |
|---|---|---|---|
| I. Тековни трансакции | 1793 | 1842 | -49 |
| А. Стоки и услуги | 1365 | 1525 | -160 |
| а. Стоки | 1090 | 1370 2) | -280 |
| 1. Општи стоки | 1020 | 1280 | -260 |
| 2. Стоки за облагородување | 70 | 90 | -20 |
| 3. Немонетарно злато | 0 | 0 | 0 |
| б. Услуги | 275 | 155 | 120 |
| 1. Сообраќај | 35 | 40 | -5 |
| 2. Туризам | 40 | 25 | 15 |
| 3. Инвестициони работи | 40 | 20 | 20 |
| 4. Застапничка провизија | 15 | 10 | 5 |
| 5. Други услуги | 145 | 60 | 85 |
| Б. Камати | 8 | 47 | -39 |
| В. Тековни трансфери | 420 | 270 | 150 |
| 1. Официјални трансфери | 40 | 0 | 40 |
| 2. Приватни трансфери | 380 | 270 | 110 |
| 2.1. Дознаки | 25 | 65 | -40 |
| 2.2. Други трансфери | 355 | 205 | 150 |

| ОСНОВА | Користење (приходи) | Отплата (расходи) | САЛДО |
|---|---|---|---|
| II. Капитални и финансиски трансакции | 304 | 151 | 153 |
| А. Капитални трансакции | 0 | 0 | 0 |
| 1. Капитални трансфери | 0 | 0 | 0 |
| Б. Финансиски трансакции | 304 | 151 | 153 |
| 1. Среднорочни и долгорочни заеми и кредити | 212 | 76 | 136 |
| 1.1. Обврски 3) | 212 | 76 | 136 |
| 2.1.1. Трговски кредити | 15 | 2 | 13 |
| 2.1.2. Други обврски | 197 | 74 | 123 |
| 2. Краткорочни кредити (нето) | 92 | 75 | 17 |
| 2.1.1. Трговски кредити | 75 | 20 | 55 |
| 2.1.2. Други обврски | 17 | 55 | -38 |
| III. Грешки и пропусти | | | -160 |
| IV. Вкупен биланс | -35 | 21 | -56 |
| V. Промена на девизните резерви | -89 4) | 49 5) | -40 |
| VI. пристигнати неплатени обврски | 124 | 28 | 96 |

1) Претпоставено редовно намирување на обврските спрема Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Меѓународната финансиска корпорација,
2) Заедно со официјалните помошти во износ од околу 40 мил. САД$
3) Без ММФ
4) Вкупни девизни резерви
5) Обврски спрема ММФ

7. Ако во текот на 1995 година настанат значителни нарушувања на Проекцијата на платниот биланс на Република Македонија и ако значајно се намалат постојаните девизни резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија, Владата на Република Македонија ќе преземе, односно ќе предложи мерки со кои ќе го ограничи увозот на одделни производи, а тековниот девизен одлив ќе го сведе во рамките на можностите на платно-билансните пропорции.

8. За потребите на статистиката, односно за податоците за плаќањата и наплатувањата по основ на увозот и извозот на стоки, ќе се применува курсната листа на Народната банка на Република Македонија формирана на 31 декември 1994 година.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3693/1
28 декември 1994 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**1627.**

Врз основа на точка 3, став 3 од Одлуката за девизна политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1995 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/95 и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА УВОЗ И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ ВО 1995 ГОДИНА

1. Претпријатијата и другите правни лица и претприемачите регистрирани за надворешно-трговско работење (во натамошниот текст: претпријатија) се должни при склучувањето на договорите за увоз на стоки и услуги со странски лица да го утврдат начинот, условите и изворите на средства од кои ќе се плаќа тој увоз.

2. Претпријатијата од точка 1 на оваа одлука, при поднесувањето на декларацијата за царинење на стоките кои се предмет на увоз се должни на царинските органи да им поднесат потврда од овластената банка за вршење работи на платен промет со странство дека имаат обезбедено девизни средства за плаќање на предметниот увоз.

Потврдата од став 1 на оваа точка банките ја издаваат на образец број 1 кој е составен дел на оваа одлука, наведувајќи го притоа начинот на плаќање на увозот и изворот на девизите.

3. Царинските служби нема да вршат прием на декларација и да вршат царинење на стоките за кои претпријатијата немаат доставено потврда согласно точка 2 од оваа одлука.

4. Против претпријатијата кои немаат потврди за обезбедени девизни средства, а извршиле дотур на стоки во Република Македонија, царинскиот орган ќе поднесе пријава до девизната инспекција при Министерството за финансии.

5. По исклучок од одредбите на оваа одлука, претпријатијата не се должни да обезбедуваат потврда за обезбедени девизни средства во следните случаи:

– увоз на стоки по решенија за компензациони работи или кооперација;

– увоз и превоз на стоки наменети за реекспорт;

– увоз на стоки за доработка и оплеменување;

– увоз на стоки (во натура) по решенија за наплата на извозот со увоз;

– увоз на опрема под лизинг;

– привремен увоз на стоки на консигнација;

– увоз на стоки за потребите на дипломатските и конзуларни претставништва;

– привремен увоз на саемски експонати;

– увоз на мостри, рекламен материјал и други бесплатни пратки во количини и вредности регулирани со позитивните законски прописи, и

– увоз на стоки врз основа на склучен договор за одложено плаќање, освен стоките за широка потрошувачка.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1.01.1995 година.

Бр. 23-2895/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

Образец број 1

________________
(овластена банка)
________________
(место и датум)
Бр. ____________

Врз основа на точка 2 став 2 од Одлуката за стекнување на услови за увоз и царинење на стоки во 1995 година („Службен весник на РМ", број ______) и барањето на претпријатието ________________ бр. ______ од ______ 1995 година ____________ издава

## ПОТВРДА ЗА ОБЕЗБЕДЕНИ ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗОТ

Се потврдува дека претпријатието ________________ од __________ ул. __________ бр. ________ увозот на стоките по склучен договор за увоз на стоки и услуги, бр. __________ од __________ 199____ година за износ ________________ ________________
(валута) (износ)
ќе го плати со обезбедени девизни средства и тоа:

1. Остварени со извоз на стоки и услуги;
2. Купени на девизен пазар;

Плаќањето ќе се изврши преку оваа банка и тоа:

– со ________________ акредитив отворен на ден ____________ под број __________ а со ден на доставување на плаќање ________________

– со дознака која ќе се изврши најдоцна до ____________

– авансно плаќање извршено на ден ____________ ____________ со налог број ____________ согласно Одлуката на НБРМ донесена врз основа од Законот за девизно работење бр. ____________.

Потврдата се издава еднократно, во 4 (четири) еднообразни примероци од кои првиот се доставува до царинските служби, вториот до Народната банка на Република Македонија, а третиот и четвртиот примерок служат за потребите на овластената банка и претпријатието.

Овластено лице
________________
(потпис и печат)

**1628.**

Врз основа на точка од Одлуката за аукциска распределба на утврдените контингенти за извоз и увоз на поодделни стоки за периодот јануари-декември („Службен весник на РМ" ) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА АУКЦИСКА РАСПРЕДЕЛБА НА КОНТИНГЕНТИТЕ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ОД 1.01. ДО 31.03.1995 ГОДИНА

Член 1

Се утврдува аукциска распределба на следните количински контингенти за увоз на стоки со следните тарифни броеви:

| Ред. бр. | Скратен опис | Тарифен број | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Крап жив | 0301.93 | 300 т. |
| 2. | Пастрмка свежа или разладена | 0302.11 | 200 т. |
| 3. | Гуми за џвакање | 1704.10 | 10 т. |
| 4. | Бела чоколада | 1704.902 | 40 т. |
| 5. | Бонбони | 1704.903 | 100 т. |
| 6. | Производи од шеќер, друго | 1704.909 | 30 т. |
| 7. | Какао во прав со додаток на шеќер | 1806.10 | 20 т. |
| 8. | Чоколадо, други производи во табли или прачки со маса поголема од 2 кгр. или во течна состојба, маса, прав, гранули или во други форми | 1806.20 | 60 т. |
| 9. | Чоколадо, друго, во табли или прачки, полнети | 1806.31 | 40 т. |
| 10. | Чоколадо, друго, во табли или прачки, неполнети | 1806.32 | 40 т. |
| 11. | Чоколадо, друго | 1806.90 | 30 т. |
| 12. | Р'скав леб (крисп) | 1905.10 | 10 т. |
| 13. | Леб и слични производи зачинети | 1905.20 | 10 т. |
| 14. | Слатки бисквити, вафли и обланди | 1905.30 | 200 т. |
| 15. | Двопек, тост леб и слични тост производи | 1905.40 | 10 т. |
| 16. | Леб, печива, друго | 1905.90 | 200 т. |
| 17. | Џемови | 2007.992 | 30 т. |
| 18. | Активен квасец | 2102.10 | 50 т. |
| 19. | Вина пенливи во садови до 2 л. | 2204.101 | 30 т. |
| 20. | Вина пенливи во садови над 2 л. | 2204.109 | 30 т. |
| 21. | Други вина во садови до 2 л. | 2204.21 | 10 т. |
| 22. | Вермут | 2205.101 | 20 т |
| 23. | Вињак, Коњак, Армањак и сл. | 2208.201 | 80 т. |
| 24. | Цигари што содржат тутун | 2402.20 | 200 т. |
| 25. | Печатена украсна хартија | 4811.391 | 15 т. |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

бр. 23-87/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1629.**

Врз основа на член 13 и член 14 од Законот за надворешнотрговско работење („Службен весник на РМ" бр. 31/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА КОНТИНГЕНТИТЕ ЗА ИЗВОЗ И УВОЗ НА СТОКИ ОД 1.01. ДО 31.03. 1995 ГОДИНА

Член 1

За периодот од 1.01.1995 до 31.03.1995 година се утврдува обем на количински контингент „КК" за извоз на стоки и увоз на стоки согласно со списоците 1 и 2 што се составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

бр. 23-88/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 106. | Плоснати валани производи од железо или нелегиран челик со широчина помала од 600 мм платинирани или превлечени | 7212. | 500 т. |
| 107. | Безрабени цевки за нафтоводи и гасоводи | 7304.10 | 10 т. |
| 108. | Безрабни заштитни цевки од други челици, со надворешен промер 16" или поголем | 7304.203 | 10 т. |
| 109. | Безрабени производствени цевки и други, од други челици | 7304.205 | 50 т. |
| 110. | Безрабни ладно влечени или ладновалани цевки | 7304.31 | 50 т. |
| 111. | Безрабни ладно влечени или ладновалани цевки | 7304.51 | 0 |
| 112. | Други цевки (на пример, заварени заковани или затворени на сличен начин) со внатрешен и надворешен кружен напречен пресек, чиј надворешен пречник надминува 406,4 мм, од железо и челик | 7305. | 0 |
| 113. | Други цевки и шупливи профили (на пример: со отворени спосви, заварени, заковани или затворени на сличен начин), од железо или челик | 7306. | 0 |
| 114. | Прачки и профили од нелегиран алуминиум | 7604.10 | 15 т. |
| 115. | Прачки и профили од легури на алуминиум | 7604.20 | 15 т. |
| 116. | Цевки од нелегиран алуминиум | 7608.10 | 15 т. |
| 117. | Цевки од легури на алуминиум | 7608.20 | 20 т. |
| 118. | Врата, прозорци и рамки за нив и прагови за врати од алуминиум | 7610.10 | 0 |
| 119. | Подготвени елементи за конструкции од алуминиум | 7610.901 | 0 |
| 120. | Друго | 7610.909 | 10 т. |
| 121. | Центри за машинска обработка | 8457.10 | 2 парч. |
| 122. | Нумерички управувани стругови | 8457.11 | 2 парч. |
| 123. | Нумерички управувани глодалки и дупчалки | 8459.31 | 2 парч. |
| 124. | Нумерички управувачки конзолни глодалки | 8459.51 | 2 парч. |
| 125. | Други глодалки | 8459.599 | 3 парч. |
| 126. | Патнички автомобили (наменети исклучиво за барања на инвалиди) | 8703. | 5 парч |
| 127. | Теренски возила | 8703. | 0 |
| 128. | Товарно комбе (добиено по основ на помош) | 8704.213 | 5 парч. |
| 129. | Цистерни и ладилници (сите подброеви од овие тарифни броеви | 8704.8716 | 100 парч. |

СПИСОК Бр. 1

## АВАНСНИ КОЛИЧИНИ НА СТОКИ КОИ ПО ИЗВОЗОТ СЕ НА РЕЖИМ КОЛИЧИНСКИ КОНТИНГЕНТ „КК“ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1.01.1995 ДО 31.03.1995 ГОДИНА

– во тони –

| Ред. бр. | Назив на производот | Тарифен број | Авансни износи за I квартал 1995 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Пастуви за приплод | 0101.193 | 0 |
| 2. | Кобили за приплод | 0101.194 | 0 |
| 3. | Ждребиња за приплод | 0101.195 | 0 |
| 4. | Коњи за приплод | 0101.1 | 0 |
| 5. | Живи животни, вид говеда, чисти раси за приплод | 0102.10 | 0 |
| 6. | Живи животни, вид говеда, друго, јуниња за гоење од 280 кгр. до 450 кгр. | 0102.905 | 150 т. |
| 7. | Живи животни, јуниња, други | 0102.906 | 50 т. |
| 8. | Телиња | 0102.907 | 0 |
| 9. | Свињи живи, чисти раси за приплод | 0103.10 | 0 |
| 10. | Свињи живи, друго | 0103.9 | 0 |
| 11. | Месо говедско, свежо или разладено, трупови и полутки | 0201.10 | 150 т. |
| 12. | Јунешки компензирани четврти | 0201.2021 | 200 т. |
| 13. | Јунешки задни четврти | 0201.2023 | 250 т. |
| 14. | Месо говедско замрзнато | 0202.10 | 0 |
| 15. | Месо говедско замрзнато, други парчиња со коски | 0202.20 | 0 |
| 16. | Месо замрзнато без коски | 0202.30 | 0 |
| 17. | Месо свинско, свежо или разладено | 0203.10 | 0 |
| 18. | Месо свинско, замрзнато | 0203.2 | 0 |
| 19. | Млеко и павлака со содржина на маснотии до 1% | 0401.10 | 0 |
| 20. | Млеко и павлака со содржина на маснотии од 1 до 6% | 0401.20 | 0 |
| 21. | Млеко и павлака со содржина на масностии над 6% | 0401.30 | 0 |
| 22. | Млеко и павлака во прав, гранули или во други цврсти форми со содржина на маснотии до 1,5% по маса | 0402.10 | 0 |
| 23. | Млеко и павлака во прав, гранули и во други цврсти форми со содржина на маснотии над 1,5% по маса | 0402.2 | 0 |
| 24. | Путер и други маснотии и масла добиени од млеко | 0405.00 | 0 |
| 25. | Амбра сива | 0510.00 | 10 т. |
| 26. | Грав, свеж или разладен | 0708.20 | 300 т. |
| 27. | Сушен грав | 0713.31 | 0 |
| 28. | Грав ситен црвен | 0713.32 | 0 |
| 29. | Грав за сеидба | 0713.321 | 0 |
| 30. | Грав, друго | 0713.329 | 0 |
| 31. | Тврда пченица | 1001.10 | 0 |
| 32. | Други пченица | 1001.90 | 0 |
| 33. | Рж | 1002.00 | 0 |
| 34. | Јачмен | 1003.00 | 0 |
| 35. | Овес | 1004.00 | 0 |
| 36. | Пченка семенска | 1005.10 | 0 |
| 37. | Друга пченка | 1005.90 | 0 |
| 38. | Брашно од пченица или наполица | 1101.00 | 10.000 т. |
| 39. | Брашно ржано | 1102.10 | 0 |
| 40. | Брашно пченкарно | 1102.20 | 0 |
| 41. | Јарма и гриз | 1103.1 | 0 |
| 42. | Пелети од пченица и жита | 1103.2 | 0 |
| 43. | Семе од сончоглед вклучувајќи кршено или дробено | 1206.00 | 0 |
| 44. | Хмел некршен ниту мелен ниту во форма на пелети | 1210.10 | 0 |
| 45. | Хмел кршен или мелен или во форма на пелети: лупулин | 1210.20 | 0 |
| 46. | Шеќерна репка | 1212.91 | 0 |
| 47. | Слама и плева од жита, сурови, неприготвени, вклучувајќи и сечени, мелени или пресувани или во форма на пелети | 1213.00 | 0 |
| 48. | Брашно и пелети од луцерка | 1214.10 | 0 |
| 49. | Друго | 1214.90 | 0 |
| 50. | Масти и други свински и животински маснотии добиени од топење | 1501.00 | 0 |
| 51. | Маснотии од животни од видовите говеда, овци и кози, сурови или топени | 1502.00 | 0 |
| 52. | Стеарин од свинска маст за јадење, олео масла од лој и друго | 1503.00 | 0 |
| 53. | Соино масло сурово | 1507.10 | 0 |
| 54. | Други соини масла | 1507.90 | 0 |
| 55. | Сурово масло од сончоглед, шафроника и памуково семе | 1512.11 | 0 |
| 56. | Друго масло | 1512.19 | 0 |
| 57. | Друго масло од репка и синап | 1514.10 | 0 |
| 58. | Друго сурово масло | 1514.90 | 0 |
| 59. | Други растителни масти и масла | 1515.19 | 0 |
| 60 | Шеќер, суров, без додатни средства за aмортизација и материи за бојосување | 1701.1 | 0 |
| 61. | Друг суров и рафиниран шеќер | 1701.9 | 0 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 62. | Други меласи | 1703.90 | 0 |
| 63. | Други екстракти и производи | 1901.90 | 0 |
| 64. | Брашно, прав и пелети од месо или месни отпадоци, цимиринки. . | 2301.10 | 0 |
| 70. | Брашно, прав и пелети од риби или од черупкари мекотелци или од други водени безрбетници | 2301.20 | 0 |
| 71. | Трици и други остатоци од пченка | 2302.10 | 0 |
| 72. | Трици и други остатоци од ориз | 2302.20 | 0 |
| 73. | Трици и други остатоци од пченица | 2302.20 | 0 |
| 74. | Трици и други остатоци од други жита | 2302.40 | 0 |
| 75. | Трици и други остатоци од легуминозни растенија | 2302.50 | 0 |
| 76. | Остатоци од производ. на скроб и сл. остатоци | 2303.10 | 0 |
| 77. | Резанки од шеќерна репка, отпадоци од шеќерна трска и др. отпадоци од производство на шеќер | 2303.20 | 0 |
| 78. | Отпадоци од пивари и дестилерии | 2303.30 | 0 |
| 79. | Маслени погачи, од соја | 2304.001 | 0 |
| 80. | Други маслени погачи | 2304.009 | 0 |
| 81. | Маслени погачи од семе на сончоглед | 2306.30 | 1.000 т. |
| 82. | произв. што се употребуваат за исхрана на животни, без кучиња и мачки | 2309.90 | 0 |
| 83. | Сол за јадење | 2501.001 | 0 |
| 84. | Масла од битуменозни минерали | 2709.009 | 0 |
| 85. | Моторен бензин вклучувајќи и авио бензин | 2710.00 | 4.000 т. |
| 86. | Нафтени гасови и др. гасовити јагленоводороди, течни | 2711.1 | 0 |
| 87. | Во гасовита состојба | 2711.2 | 0 |
| 88. | Нафтен кокс | 2713.1 | 0 |
| 89. | Битумен од нафта | 2713.20 | 0 |
| 90. | Други остатоци од нафта или од масла добиени од битуменозни минерали | 2713.90 | 0 |
| 91. | Минерални и хемиски ѓубрива што содржат азот, фосфор и калиум | 3105.20 | 20.000 т. |
| 92. | Амониумдихидрогентофосфат и негови мешаници со диамониумдихидрогенотофосфат | 3105.40 | 15.000 т. |
| 93. | Губрива што содржат нитрати и фосфати комплексни или мешани | 3105.51 | 1.000 т. |
| 94. | Цели, крупни и ситни кожи говедски кожи | 4101.10 | 120 т. |
| 95. | Други говедски, велени или свежо солени | 4101.2 | 130 т. |
| 96. | Други говедски поинаку конзервирани | 4101.30 | 30 т. |
| 97. | Крупни и ситни кожи од копитари | 4101.40 | 30 т. |
| 98. | Сурови, кожи, овчи и јагнешки, свежи или солени со волна | 4102.10 | 350 т. |
| 99. | Без волна | 4102.2 | 0 |
| 100. | Други ситни и крупни сурови кожи од кози или јариња | 4103.10 | 100 т. |
| 101. | Свински крупни и ситни сурови кожи | 4103.901 | 100 т. |
| 102. | Штавени кожи од говеда и копитари, недовршени | 4104.101 | 0 |
| 103. | Говедски кожи, недовршени | 4104.211 | 0 |
| 104. | Говедски кожи штавени со друг вид претштава, недовршени | 4104.221 | 0 |
| 105. | Други недовршени кожи | 4104.291 | 0 |
| 106. | Други штавени кожи недовршени | 4104.391 | 1.00о т. |
| 107. | Штавена кожа од свињи, недовршени | 4107.101 | 50 т. |
| 108. | Огревно дрво во облици, цепеници, гранки, снопови или слични форми | 4401.10 | 10.000 $м^3$ |
| 109. | Иверки, сечка и сл. | 4401.2 | 0 |
| 110. | Струганици, отпадоци и остатоци агломерирани и др. | 4401.30 | 0 |
| 111. | Дрвен јаглен | 4402.00 | 0 |
| 112. | Дрво необработено со кора или без кора или беловина или грубо обработено | 4403.10 | 0 |
| 113. | Друго игло. дрво необработено | 4403.20 | 1.000 $м^3$ |
| 114. | Трупци за режење и фурнир од даб | 4403.911 | 350 $м^3$ |
| 115. | Трупци за режење и фурнир од бука | 4403.921 | 1.000 $м^3$ |
| 116. | Трупци за режење од други тврди широколисници | 4403.991 | 500 $м^3$ |
| 117. | Целулозно дрво од др. тврди широколисници | 4403.992 | 0 |
| 118. | Трупци за режење и фурнир од топола | 4403.993 | 200 $м^3$ |
| 119. | Целулозно дрво од топола | 4403.994 | 200 $м^3$ |
| 120. | Трупци за режење и фурнир од др. меки широкол. | 4403.995 | 0 |
| 121. | Целулозно дрво од др. меки широколисници | 4403.996 | 0 |
| 122. | Други трупци | 4403.999 | 500 $м^3$ |
| 123. | Дрво за обрачи иглолисни | 4404.10 | 0 |
| 124. | Други дрва за обрачи | 4404.20 | 100 $м^3$ |
| 125. | Дрвна волна, дрвно брашно | 4405.00 | 0 |
| 126. | Железнички и транв. прагови од дрво неимпрег. | 4406.10 | 0 |
| 127. | Други | 4406.90 | 0 |
| 128. | Дрво обработено по должината во дебелина поголема од 6 мм од иглол. | 4407.10 | 0 |
| 129. | Дабово обработено дрво | 4407.91 | 400 $м^3$ |
| 130. | Буково обработено дрво | 4407.92 | 20.000 $м^3$ |
| 131. | Јасеново обработено дрво | 4407.991 | 1.000 $м^3$ |
| 132. | Топ. обработено дрво | 4407.992 | 300 $м^3$ |
| 133. | Други обработени дрва | 4407.999 | 300 $м^3$ |
| 134. | Листови на фурнир и листови за шперт плочи и др. дрво режено по должина со деб. до 6 мм од игло. | 4408.10 | 200 $м^3$ |
| 135. | Фурнир од даб | 4408.902 | 600 $м^3$ |
| 136. | Фурнир од орев | 4408.903 | 300 $м^3$ |
| 137. | Фурнир од бука | 4408.904 | 1.000 $м^3$ |
| 138. | Друг фурнир | 4408.909 | 1.400 $м^3$ |
| 139. | Отпадоци, остатоци од хартија или картон или брановидна хартија или картон, крафт | 4707.10 | 0 |
| 140. | Отпадоци од хартија или картон, белена | 4707.20 | 0 |
| 141. | Отпадоци од хартија или картон добиени од весници и списанија | 4707.30 | 0 |
| 142. | Други несортирани отпадоци и остатоци | 4707.90 | 200 т. |
| 143. | Отпадоци и остатоци од леано железо | 7204.10 | 0 |
| 144. | Отпадоци и остатоци од легиран челик | 7204.21 | 250 т. |
| 145. | Отпадоци, остатоци од калаисано железо или челик | 7204.30 | 0 |
| 146. | Други отпадоци и остатоци од железо и челик | 7204.4 | 0 |
| 147. | Отпадни инготи, слабови и др. за претопување | 7204.50 | 0 |
| 148. | Отпадоци, остатоци од бакар | 7404.00 | 50 т. |
| 149. | Отпадоци остатоци од никел | 7503.00 | 0 |
| 150. | Отпадоци остатоци од алуминиум | 7602.00 | 250 т. |
| 151. | Отпадоци остатоци од олово | 7802.00 | 0 |
| 152. | Отпадоци остатоци од цинк | 7902.00 | 0 |

**1630.**

Врз основа на член 18, став 4 од Законот за надворешно-трговско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/93) и член 45 од Законот за Владата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ПОД КОИ МОЖАТ ДА СЕ СКЛУЧУВААТ ДОГОВОРИ ЗА КОМПЕНЗАЦИОНИ РАБОТИ

1. Компензациони работи со странство можат да вршат претпријатија и други правни лица регистрирани за вршење на работи на надворешно-трговски промет (во натамошен текст: претпријатија) и претприемачи врз основа на одобрение од Министерството за надворешни работи.

2. Министерството за надворешни работи може да одобри компензациона работа ако вредноста на извозот на стоки и услуги по правило е поголема од вредноста на увозот по таа работа, а најмалку во однос 1,3:1.

3. По исключок на одредбата од точка 2 на оваа Одлука, Министерството за надворешни работи може да одобри компензациона работа при што вредноста на извозот е еднаков на вредноста на увозот, доколку е исполнет најмалку еден од следните услови:

– ако извозот на стоки и услуги се врши во земјите во кои извозот не може да се наплати во девизи поради платно-билансните тешкотии;

– ако со компензационата работа се плаќа увозот на енергенти и други суровини и репроматеријали;

– ако со компензационата работа се обезбедува извоз на производи чиј пласман е отежнат;

– ако со компензационата работа се врши извоз што ќе овозможи увоз на стоки од витално значење за снабдување на домашниот пазар;

– ако со компензационата работа се плаќа увозот на опрема или опрема под закуп, а увозот е во функција на тој извоз.

4. Министерството за надворешни работи е должно да одлучи по барањето за издавање одобрение во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

5. Во извршувањето на компензационата работа може да учествуваат повеќе претпријатија со поширoки листи на стоки и услуги за извоз и увоз (бартер аранжмани).

Во случајот од став 1 на оваа точка, учесниците во работата спогодбено го определуваат претпријатието кое поднесува барање за одобрение за вршење компензациона работа, листа на стоките и услугите со вредностите и количините кои се извезуваат и увезуваат, роковите и динамиката на извозот и увозот и други елементи кои се од значење за вршењето на компензационата работа.

6. За стоките што се извезуваат, односно увезуваат по основа на контингент, на дозвола или согласност, решението за одобрение на компензационата работа истовремено претставува и право на извоз, односно увоз на такви стоки.

7. Барањето за одобрение на компензационата работа со странство претпријатието го поднесува до Министерството за надворешни работи во еден примерок.

8. Претпријатието на кое му е одобрена компензациона работа со странство во смисла на оваа Одлука, должно е да достави на Народната банка на Македонија пресметка и документација врз основа на која е направена пресметката во рок наведен во решението за одобрената работа.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за компензациона работа со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/92).

10. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2920/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1631.**

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на РМ“ бр. 20/90), член 12, став 1, точка 2 и член 13 од Законот за системот на општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 84/89 и „Службен весник на РМ бр. 13/91) кој согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91), се применуваат како републички прописи и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Заради спречување на монополското формирање на цените на одделни производи и услуги во производство, прометот и при вршење на услугите, како највисоко ниво на цените се определуваат цените кои според постојните прописи се формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука и тоа:

– производство и промет на брашно тип „500“ и леб произведен од брашно тип „500“ од 600 грама;

– производство и промет на нафта и нафтени деривати;

– производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија;

– ПТТ услуги во внатрешниот сообраќај (освен платниот промет),

– превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај;

– производство и дистрибуција на вода;

– прочистување и одведување на отпадни води (освен колекторите);

– производство и испорака на сурова вода за водоснабдувањето на населението и стопанството.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1995 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од јануари 1995 година.

Број 23-2819/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1632.**

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на РМ“ бр. 20/90), а во врска со член 12, став 1, точка 2 и член 13 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 84/89) кој со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91), е преземен како републички пропис и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ПТТ УСЛУГИТЕ

1. Цените на ПТТ услугите формирани и применети според постојните прописи се определуваат како највисоко ниво на цените.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1995 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

Бр. 23-2817/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1633.**

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на РМ“ бр. 20/90), член 12, став 1, точка 2 и член 13 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 84/89 и „Службен весник на РМ бр. 13/90) кои согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91), се применуваат како републички прописи и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ОДДЕЛНИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

1. Цените на одделни комунални услуги – производство и дистрибуција на водата, прочистување и одведување на отпадните води (освен колекторите) и производство и испорака на сурова вода за водоснабдување на населението и индустријата, формирани и применети според постојните прописи на денот на влегувањето во сила на оваа одлука, се определуваат како највисоко ниво на цените.

Остварениот побавен пораст на цените од став 1 на оваа точка, изразен како диспаритет на цени кај одделни претпријатија ќе се отстранува при спроведувањето на оваа одлука согласно определбите со стабилизационата програма.

2. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за стопанство.

3. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1995 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1995 година.

Број 23-2818/1
27 декември 1994 година

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1634.**

Врз основа на член 2-д од Законот за плаќање посебна давачка за порамнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен весник на РМ“, бр. 34/92 и 70/94), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“, број 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ПОСЕБНА ДАВАЧКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ**

1. На стока која се увезува од подрачјето на СР Југославија, Босна и Херцеговина и Хрватска и е по потекло од овие држави не се плаќа посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки, по основа на реципроцитет.

2. Начинот на утврдување на стоките кои се увезуваат од подрачјето на државите наведени во точка 1 на оваа одлука се утврдува спрема Одлуката за начинот на утврдување на потеклото на стоката.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за ослободување од плаќање посебна давачка за порамнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен весник на РМ“, број 73/92, 12/94 и 34/94).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 23-2903/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1635.**

Врз основа на член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 31/93), а во врска со член 3 од Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплати на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година, Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА УТВРДУВАЊЕ НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ДЕПОНИРАНОТО ДЕВИЗНО ШТЕДЕЊЕ СПРЕМА КАМАТИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ДОМИЦИЛНИТЕ ВАЛУТИ**

1. Во Одлуката за методологијата на утврдување на каматните стапки на депонираното девизно штедење спрема каматите во земјата на домицилните валути („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/92 и 81/93), во точка 10 зборот: „1993“ се заменува со зборот „1994“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2896/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1636.**

Врз основа на член 3-а од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година („Службен весник на РМ“, број 79/93 и 65/94) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 38/90), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕИСКОРИСТЕНОТО ПРАВО НА МОЖНА ПОТРОШУВАЧКА НА ИЗВОРНИТЕ ПРИХОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА 1994 ГОДИНА**

1. Во Одлуката за пренесување на неискористеното право на можна потрошувачка на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1994 година („Службен весник на РМ“, број 66/94), во точката 1 износот „2.230.000“ се заменува со износот „3.430.000“.

По потточката в) се додаваат две нови потточки, кои гласат:

„г) од Општината Неготино износот 800.000 денари; и

д) од Општината Крушево износот 400.000 денари.“

По четвртата алинеја од ставот два на точката 1 се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„– Општината Радовиш во износот од 500.000 денари; и

– Општината Струмица во износ од 700.000 денари“.

Во точката 2, по шестата алинеја се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„– на Општината Крушево износот 3.023.000 денари се заменува со износот 2.623.000 денари;

– на Општината Неготино износот 4.320.000 денари се заменува со износот 3.520.000 денари;

– на Општината Радовиш износот 3.923.000 денари се заменува со износот 4.423.000 денари; и

– на Општината Струмица износот 8.222.000 денари се заменува со износот 8.922.000 денари“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2893/1
27 декември 1994 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1637.**

Врз основа на член 11 став 5 од Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја („Службен весник на РМ“ бр. 33/94) и член 160 и 161 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ“ бр. 40/90, 63/94), Министерот за развој донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПРЕМИЈА ЗА НОВООТВОРЕНИ ПРОИЗВОДНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО СПЕЦИФИЧНИТЕ ПОДРАЧЈА

1. Со ова упатство се пропишува постапката за остварување на правото на премија за новоотворените производни работни места за мали индустриски капацитети кои се реализираат во специфичните подрачја.

2. Правото на премија се остварува со поднесување на писмено барање до Министерството за развој – Агенција за стопански недоволно развиени подрачја (во понатамошниот текст Агенција). Барањето се поднесува на образец АСНРП–П, кој е составен дел на ова упатство.

3. Кон барањето се приложува:

– инвестициона програма;

– акт за систематизација на работите и задачите;

– договор за работа за секој работник вработен на новоотворените производни работни места;

– изјава на сопственикот за членовите на неговото потесно семејно домаќинство (по име и презиме);

– документи врз основа на кои ќе се утврди набавната вредност на опремата за новоотворените производни работни места.

4. За одлуката на Агенцијата во врска со одобрување на премијата се известува подносителот на барањето.

5. За исплата на премијата подносителот на барањето најдоцна во рок од еден месец по истекот на одработената година до Агенцијата доставува известија од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и од Фондот за здравствено осигурување за платен придонес во изминатите 12 месеци за вработените на секое работно место посебно.

6. За секоја настаната промена кај лицата вработени на новоотворените производни работни места подносителот на барањето ја известува Агенцијата. Правото на премија се губи доколку испразнетото работно место во рок од 30 дена не се пополни со нов вработен. За вработеното лице на испразнетото работно место до Агенцијата се доставува договор за работа.

7. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1652
20 декември 1994 година
Скопје

Министер за развој
д-р Софија Тодорова, с.р.

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА РАЗВОЈ**
*АГЕНЦИЈА ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА*
**СКОПЈЕ**

**ОБ. АСНРП-П**

## БАРАЊЕ
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕМИЈА ЗА НОВООТВОРЕНИ ПРОИЗВОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

(да се пополни со машина за пишување)

**1. Адреса за кореспонденција** **тел.:** **факс:**

**2. Подносител на барањето** (фирма и седиште)

**3. Место во кое се реализира инвестицијата и статус на подрачјето.**

**4. Основни податоци за инвестицијата:**

**- дејност** ____________________

**- вредност на инвестицијата** (во денари) ____________________

**- вредност на опремата** (во денари) ____________________

**- број на вработени** ____________________

**- број на новоотворени работни места** ____________________

**5. Прилози:**

☐ **Инвестиционата програма која има** __________ **страници**

☐ **Акт за систематизација кој има** __________ **страници**

☐ **Договор за работа** __________ **страници**

☐ **Изјава на сопственикот за членовите на неговото потесно семејно домаќинство** (по име и презиме) **која има** __________ **страници**

☐ **Документи за утврдување на набавната вредност на опремата со** __________ **страници**

____________________
**Потпис и печат на барателот**

| ПОПОЛНУВА АГЕНЦИЈАТА |
| --- |
| ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ |
| ДЕЛОВОДЕН БРОЈ |
| БРОЈ НА БАРАЊЕТО |

____________________
**Потпис и печат на Агенцијата**

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I–СКОПЈЕ

Пред овој суд е покрената процесна постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Новеска Фења од Скопје, против тужениот Новески Велимир, сега со непозната адреса на живеење.

Се известува тужениот дека по барање на судот од страна на Центарот за социјални работи на град Скопје му е поставен привремен старател Наташа Огњеновска, адвокат од Скопје, ул. „Пајко Маало“ бр. 6, која ќе ги застапува неговите интереси сè додека тужениот не се јави во судот.

Од Општинскиот суд Скопје I–Скопје, VI.П. бр. 3384/94 (1544)

---

Општинскиот суд Скопје I–Скопје поведе постапка по правната работа на тужителката Милка Трајчевска од Скопје за утврдување право на сопственост на стан против тужениот Мичо Витков, со непозната адреса во странство. На тужениот Мичо Витков му се определува привремен застапник кој ќе го застапува во постапката сè додека тој или негов полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I–Скопје, XIV П. бр. 3960/94. (441)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар се води бракоразводен спор по тужбата на тужителката Амзаи родена Абедини Царије од с. Добридол, застапувана од полномошникот Богданоски Владе од Гостивар, против тужениот Амзаи Фадил од с. Чегране, сега со непозната адреса во Швајцарија.

Бидејќи тужениот Амзаи Фадил е со непозната адреса, за привремен застапник му е назначен Петрески Васил, стручен сорботник при Општинскиот суд во Гостивар, кој ќе го застапува тужениот се додека Органот за старателство не го извести судот дека му поставил старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П.бр. 803/94. (439)

---

Пред Општинскиот суд во Гостивар се води бракоразводен спор по тужбата на тужителот Весели Мифтар од с. Речане, застапуван од полномошникот Селмани Наим, адв. од Гостивар, против тужената Весели, родена Османи Мерзије од с. Речане, сега со непозната адреса во Италија.

Бидејќи тужената Весели Мерзије е со непозната адреса за привремен застапник и е назначен Фидани Шоип, стручен соработник при Општинскиот суд во Гостивар кој која застапува се додека таа не се појави пред судот, односно сè додека органот за старателство не го извести судот дека ѝ поставил старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П.бр. 851/94. (440)

---

Пред Општинскиот суд во Гостивар во тек е процесна постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Радическа, родена Стефаноска Снежана од Гостивар, ул. „18 Ноември“ 25, против тужениот Радичевски Воислав од с. Балиндол, Гостиварско.

Бидејќи престојувалиштето на тужениот е непознато, а тужениот нема полномошник за привремен застапник е назначен Петрески Васил до Гостивар, дипломиран правник-стручен соработник во Општинскиот суд во Гостивар кој ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тој или негов полномошник не се појават пред судот односно додека Органот за старателство не го извести судот нека назначил старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 874/94. (446)

Се повикува тужениот Елмазоски Ештреф од с. Жировница-Гостиварско, сега на привремена работа во Италија со непознато престојувалиште, да се јави пред Општинскиот суд во Гостивар или постави свој полномошник кој што ќе го застапува во предметот за развод на брак на тужителката Елмазоска род. Билали Емине од с. Требиште.

Доколку истиот не се јави ниту, пак постави свој полномошник, ќе го застапува во својство на привремен застапник Герасимоски Герасим од Гостивар, сè до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 792/94 (448)

---

## ТАРИФА
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАСИ, АКТИ И НЕВАЖНИ ДОКУМЕНТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

**1. СУДСКИ ОГЛАСИ: бракоразводни парници, оставински расправи, повикување на наследници со непознато место на живеење и сл. – 400,00 денари**

**2. ЈАВНИ НАДДАВАЊА И КОНКУРСИ – 1.500,00 денари за едно објавување.**

**3. ОСНОВАЊЕ – ЗАПИШУВАЊЕ во судскиот регистар на РО, претпријатија и дуќани – 600,00 денари за едно објавување.**

**4. ПРОМЕНА во судскиот регистар на РО, претпријатија и дуќани – 350,00 денари за едно објавување.**

**5. ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ на претставништва на странски лица – 1.500,00 денари за едно објавување.**

**6. СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ И ЛИКВИДАЦИИ на претпријатија – 500,00 денари.**

**7. КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ, АКТИ НА ЗАЕДНИЦИ, ФОНДОВИ И ЗАВОДИ – 4.000,00 денари за една страница во весникот.**

**8. ОГЛАСИ за повикување на поранешни сопственици и нивни правни наследници (за трансформација) и ОБЈАВИ за донесување ОДЛУКИ за трансформација на претпријатија со општествен капитал – 2.000,00 денари за едно објавување.**

**9. ОДЛУКИ за трансформација на претпријатија со општествен капитал – 4.000,00 денари за една страница во весникот.**

### ОБЈАВУВАЊЕ ЗА НЕВАЖНИ:

**10. ПАСОШИ – 200,00 денари за едно објавување.**

**11. СООБРАЌАЈНИ И ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ – 150,00 денари за едно објавување.**

**12. ПЕЧАТИ И ШТЕМБИЛИ – 300,00 денари за едно објаснување.**

**13. ТЕКОВНИ КНИШКИ, чекови од тековни сметки, полиси, гарантни и кредитни писма и сервисни книшки – 100,00 денари за едно објавување.**

**14. МЕНИЦИ, БАРИРАНИ ЧЕКОВИ, АКЦЕПТНИ НАЛОЗИ – 250,00 денари за едно објавување.**

**15. Свидетелства, Работни книшки, ученички книшки, сведителства, воени книшки, ловечки исправи, оружен лист и други лични документи – 80,00 денари за едно објавување.**

**16. РЕШЕНИЕ – ОДОБРЕНИЕ за вршење на занаетчиски дејности – 200,00 денари за едно објавување.**

**17. РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАВНИШТВА на странско лице – 350,00 денари.**

**18. РЕШЕНИЕ за компензациони работи со странство – 350,00 денари за едно објавување.**

**Огласната такса се наплатува на жиро с-ка 40100-603-12498 или на благајната во работните простории на Службен весник на РМ.**

**Оваа тарифа ќе се објави во „Службен весник на РМ“, а ќе се применува од 1.I.1995 година.**

## ОБЈАВИ

Врз основа на членот 8 од Законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија („Службен весник на РМ", број 78/93), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата за месец декември 1994 година не може да изнесува помалку од 5.189,00 денари.

Министер
за труд и социјална политика
**Иљаз Сабриу**, с. р.

---

Врз основа на членот 12 од Законот за персоналниот данок од доход („Службен весник на Република Македонија", број 80/93), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец декември 1994 година, која се применува за аконтативно пресметување на персоналниот данок од доход изнесува 8.500,00 денари.

Министер
за труд и социјална политика
**Иљаз Сабриу**, с. р.

---

## СОДРЖИНА

Страна


1610. Указ бр. 1 на Претседателот на Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . 2257
1611. Указ бр. 2 на Претседателот на Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . 2257
[illegible]12. Указ бр. 3 на Претседателот на Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . 2257
1[illegible] Указ за поставување вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Шпанија . . . . . . . . 2257
1614. Указ за поставување вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Големото Војводство Луксембург. . 2258
1615. Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година. 2258
1616. Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход . . . 2258
1617. Закон за дополнување на Законот за царинската тарифа . . . . . . . . . . . . . . 2259
1618. Закон за изменување и дополнување на Законот за плаќање посебна давачка за порамнување на даночните оптоварувања на увезените стоки . . . . . . . . . . . . . 2260
1619. Закон за изменување и дополнување на Законот за посебна такса на увезените стоки . 2265
1620. Закон за обезбедување средства за финансирање на Програмата за изградба на железничката пруга Куманово–Бељаковце–Крива Паланка–Деве Баир (граница со Република Бугарија) во 1994, 1995 и 1996 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2271
1621. Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите . . . . . . . . . . . . . 2272
1622. Закон за исплата на платите во Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . 2273
1623. Одлука за целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1995 година. . . . 2275
1624. Одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1995 година . . 2275
1625. Одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1995 година . . . . . . . . . . 2276
1626. Одлука за девизната политика и Проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1995 година . . . . . . . . . . . . . 2276
1627. Одлука за стекнување на услови за увоз и царинење на стоки во 1995 година. . . . . 2279
1628. Одлука за аукциска распределба на контингентите за увоз на стоки од 1.01. до 31.03.1995 година. . . . . . . . . . . . . . 2280
1629. Одлука за утврдување на обемот на контингентите за извоз и увоз на стоки од 1.01. до 31.03.1995 година . . . . . . . . . . . . 2280
1630. Одлука за поблиските услови, начинот и роковите под кои можат да се склучуваат договори за компензациони работи . . . . . 2284
1631. Одлука за определување највисоко ниво на цените на одделни производи и услуги . . . 2284
1632. Одлука за определување највисоко ниво на цените на ПТТ услугите . . . . . . . . . . 2284
1633. Одлука за определување највисоко ниво на цените на одделни комунални услуги . . . . 2285
1634 Одлука за ослободување од плаќање посебна давачка за порамнување на даночното оптоварување на увезените стоки . . . 2285
1635. Одлука за изменување на Одлуката за методологијата на утврдување на каматните стапки на депонираното девизно штедење спрема каматите во земјите на домицилните валути . . . . . . . . . . . . . . . . 2285
1636. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за пренесување на неискористеното право на можна потрошувачка на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1994 година . . . . . . . . 2285
1637. Упатство за постапката за остварување на правото на премија за новоотворени производни работни места во специфичните подрачја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2286
**Објава** за просечна месечна нето плата по работник во Републиката за месец декември 1994 година која се применува за аконтативно пресметување на персоналниот данок од доход . . . . . . . . . . . . . . . . 2288
**Објава** за плата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата за месец декември 1994 година. . . . . . . . . . . . . 2288


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје, ул. „Васил Ѓорѓов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Телефакс 239-285. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" - Скопје**